СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

**29 (ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА) СЕДНИЦА, IV ПРОДОЛЖЕНИЕ. ОДРЖАНА НА 14 НОЕМВРИ 1995 ГОДИНА**

Т.10 ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. БОЈКОВ ИВАН 94
3. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ 38, 40
4. ВАНГЕЛОВ АТАНАС 86, 93
5. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР 65, 67
6. КАДРИЅ ЗЕЌИР 103
7. МУРАТО ЏЕЛАДИН 20, 23
8. МАЉИЧИ НАЗМИ 101
9. МИНОВ ПАНЧЕ 56
10. ОСМАНИ РУФИ 48, 55
11. ПРУСИ АБДУРАЅФ 2, 6
12. РАМАДАНИ САЛИ 7, 14, 15
13. РАМАДАНИ ХИСЕН 41, 47
14. РАМАДАНИ ИСМЕТ 59, 61
15. РУЖИН НАНО 85
16. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА 97
17. ТУДА РАМИ 27, 32
18. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 69, 76, 84
19. ШАЌИРИ ХИСНИ 16

СЕДНИЦАТА ПРОДИЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14 ноември 1995 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа<- претседаваше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Отсуство најавија оние пратеници што ги прочитав кога продолживме со 2 9-та седница. ( Живко Јанкуловски, Горѓи Атанасов, Душан Николовски, Стојан Ковачевски, Пецо Стојановски, Љубомир Поповски, Илинка Митрева, Јане Ангеловски, Димитрија Поповски, Ратка Кулан-Зографска и Наум Симјановски).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 10** - Предлог за донесување на закон за високото образование.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Персида Малинска, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Абдурауф Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, конечно на дневен ред дојде и еден законски проект кој што треба да ги регулира односите во сферата на високото образование што претставува надградба во вкупното образование на еден човек. За жал текстот кој што ни е понуден како права фаза, повеќе личи на статутот на Универзитетот"Свети Кирил и Методиј" отколку на закон од високото образование. Новините кој што ги посочува предлагачот како што се Универзитетскиот сенат, Универзитетската управа, факултетските управи и друго се одамна заживејани работи во работата на Универзитетот. Лично очекував еден законски проект кој што ќе биде многу подинамичен и ќе се разликува многу повеќе од досегашниот атрофичен закон за високото образование или поточно 3-аконот за насоченото образование со кое што ќе ги стави на многу повисоко рамниште како ефикасноста на студирањето така и квалитетот на^студиите. А, истовремено, ќе ги согледа потребите и за порамномерна едукација на сите граѓани од сите општествени слоеви и етнички групи.

Ова го велам поради тоа што еден подолг временски период кај одредени групации на граѓани во РМ постои очигледно заостанување во едукацијата при високо - образовните институции како во квалитативна така и во квантитативна смисла. Сета оваа состојба е како резултат на една погрешна и рестриктивна политика која се водеше во изминатиот период, а која беше поизразена во 80-тите години поточно од 81 до 91 година. Се подразбира дека оваа политика за жал се водеше кон точно определени групи на граѓани во Република Македонија. Со мотивација на

морално политичка неподобност од наставниот процес беа отстранети стотина најдобри наставни кадри особено во основното и средното образование како резултат на што се создаде голема празнина во квалитетот на знаењата на завршените ученици од основните и средните училишта. Сето тоа придонесе за неможност на покажување на поквалитетни знаења на овие ученици на приемните испити при упис во високо образовните институции што имплицираше и многу мал број на примени студен ти во прва година.

Затоа, со овој законски проект предлагам да се предвидат стимулативни и прогресивни мерки со кои пропорционално би се зголемил бројот на студентите од етничките групи и различните општествени слоеви во сите високо образовани институции и тоа, како, преку постојните така и преку посебни високо - образовни институции што за жал овој законски проект не ги предвидува. Сигурно дека во интерес на развојот на РМ е да има образовен граѓанин од сите етнички групи и од сите општествени слоеви.

Очигледно е дека и овој законски проект е обоен со балкански националистички приноси. На пример член 9 ја ограничува наставата само на македонски јазик. Ова, бар по мене, е уникат што се однесува до јазикот бидејќи во' сите земји во светот се отвораат универзитети и на други јазици при што, ама токму со ништо не се загрозува националниот идентитет на никого. Во таа смисла постоењето на универзитет каде наставата ќе се изведува и на други јазици освен на македонскиот, со ништо нема да ја влоши состојбата на македонскиот јазик, македонската култура или македонската научна мисла. Затоа предлагам членот 9 да се преиначи со тоа што ќе се дозволува употреба и на други јазици.

I/4.-

Јас би имал уште неколку други забелешки во текстот на овој закон, пред се, во член 18 предлагам да работата на матичната комисија малку подетално се даде што е функцијата на таа матична комисија, како ќе се вршат изборите на наставниците и соработниците и веројатно некои други карактеристики што таа комисија треба да ги поседува.

Што се однесува до докторските дисертации односно докторските студии каде што е пропишано дека тие треба да траат најмалку една година, верувајте тој период на време од една година е многу мал, по мое мислење и би требало, тој период да биде најмалку три години, а што се однесува до одземањето на магистерските и магистерските трудови сепак мислам дека треба да се пропише, мислам начинот на одземање да се пропишува со овој законски проект. Тоа е во член 27.

Во членот 2 8 и 31 предлагам да стои одредба дека наставните планови и програми треба да бидат така профилирани да со нив се стекнува побрз стопански, научен и културен развој на Републиката во наредниот период. Ова го предлагам поради тоа што одредени високо научно - образовни институции, за жал, наставните планови и програми ги профилираат врз основа на расположливиот наставен научен кадар, а не врз основа на потребите на Републиката.

Не сериозно е според последниот став од член 31 за наставните планови и програми согласност дава Министерството за образование кога не е основач за таа институција, а за Универзитетот каде е основач и ги финансира, не ја дава таа согласност. Мое мислење е дека и во двата случаи треба да дава согласност, и во едниот и во другиот случај.

I/5.-

Забелешката на член 36 ми е дека бројот на студенти кои што се запишуваат во прва година мора да се ограничи од страна на Министерството барем за оние универзитети што ги финансира државата. Никакво накнадно запишување со само финансирање. Во таа смила државата мора во иднина да мисли на квалитет на студии со драстично намалување на бројот на студентите, алатите и наставниците и соработниците во високо - образовните институции да се определуваат со платен разред, а не како што е сега според бројот на студентите и според бројот на часовите што ги имаат врз основа на наставните планови и програми, тие факултети. Ова, пред се, го предлагам заради тоа што сведоци сме во последно време на една трговија што се врши со студенти. Верувајте, значи се примаат студенти мимо квотата која што е предвидена, да речеме на тој факултет, со плаќање на одредена партиципација, меѓутоа и тој број не е ограничен, туку едноставно се примаат многу поголем број на студенти отколку што е предвидено, а бројот на студентите е сигурно поголем од бројот на студенти како што е пропишано, според актите на факултетот, не е добро, бидејќи нас сигурно нема да ни требаат многу повеќе економисти, многу повеќе правници, отколку денеска се запишуваат, мислам треба да се запишуваат на тие факултети.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:** (продолжение)

Второ, може да се јави една негативна појава, која беше присутна пред 14 години, со тоа што во завршните одредби со овој проект на закон се предвидува обврската за сите соработници, дека по вториот реизбор мора да се стекнат со докторат на науки. За жал, како што спомнав пред 14 години имавме една таква состојба и тогаш верувајте, речиси секоја недела имавме по факултетите организирани одбрани на неколку магистерски трудови и докторски дисертации, поради тоа што сите навалија да магистрираат или докторираат. Што се добива со тоа? Сигурно дека меѓу тие докторски дисертации и магистерски трудови имаше и квалитетни, далеку од тоа, меѓутоа, секој, далеку од тоа, се сомневаше во толкавиот број дека сите се квалитетни. Сигурно, повеќе од 50% не беа квалитетни. Прво, значи се девалвираа магистерските трудови и докторските дисертации, а во исто време по докторирање предавачите и вишите предавачи во тоа време станаа професори, значи, се девалвираше и професионалната структура на самиот универзитет.

Предлагам, барем за оние соработници кои имаат над 25 години работно искуство да не важат овие одредби, туку тие да продолжат да речеме со магистратура, бидејќи сите имаат магистратура, да ги одржуваат часовите односно да го задржат тоа место на соработник до завршувањето на својот работен век.

Исто така, изборот на наставниците да се врши само врз основа, како што предвидува овој закон, на научни трудови, мислам дека тука треба да има одредба врз основа на педагошкиот приод, кој што тие го покажуваат во пренесувањето на знаењето од нив до студентите. Мислам дека ова второто е многу побитно отколку првото.

Јасно е дека првото е надградба на еден наставник во неговата научна работа, меѓутоа, сигурно и ова второто е многу важно бидејќи честопати има такви наставници кои се полни со знаење, но тоа знаење многу тешко го пренесуваат.

Што се однесува до пензионирањето, мислам дека прво ако се оди на 70 години, како што се предлага во овој закон, тоа се коси со Законот за пензионирање, а второ, ако се оди само на одредени кадри кои се многу потребни, веројатно и тука ќе дојде до едно недоразбирање, бидејќи многу факултети ќе мислат дека нивните кадри се многу важни за оваа Република и верувајте, на сите веројатно ќе им се дозволи да останат до 70 години, а каде ќе одат младите кадри кои треба да ги заменат.

Исто така, во овој закон не видов никаде за приемот на младите кадри кои покажуваат над. просечни резултати во своето студирање треба да се предвиди и по овој закон тие да останат при високо-образовните институции, јасно по нивна желба. Ова го велам поради тоа што многу наши кадри кои покажале многу добар успех во своето студирање денес ни се раштркани во странство. За не ни бегаат овие кадри надвор, предлагам да има посебна точка барем за овие кадри, да можат да се примат веднаш по нивното завршување а мислам дека Министерството ќе си најде средства и за нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со денес се знае како и порано, раката на срце, што вели народот, за разлика од законите кои веќе ги донесовте за основното и средното образование,овој Предлог за донесување закон за високото образование

од формално - правен аспект е на многу на повисоко ниво, јас немам комплекси, тоа веќе го знаете, многу поквалитетен, раката на составителот е многу поспособна, но и повешта. Иако во него се внесени некои правни одредби од стандардите на европските и светските институции, пренесени буквално од исти и слични закони и статути на Универзитети и факултети, наши и странски, сепак и специфичните работи се многу поквалитативни и до научен карактер, со сериозна претпоставка, кај сункцио јурис, правник. Тоа е што се однесува до првиот исто така важен фактор. Меѓутоа, и за жал, секогаш додаваме за жал.

Што се однесува до вториот и на најважниот елемент, не може да се каже афирмативно, а тоа е материјално правниот карактер, кој има некои делумни обработувања кои се останати на половина пат, да не кажам ќорсокак. Почнувајќи од правата буква на Предлогот за донесување на законот за високото образование, т.е. причините кои е потребно да се донесе законот, потоа основните начела на кои се заснова законот, кај едната единствена реченица околу содржината на законот, формулативно концизно и јасно има висока оценка, секако, тоа е точно.

Почнувајќи од основните одредби почнувајќи од членот 1 до 12, првите 7 се стандардни и на високо ниво со стартот за условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот и Факултетот, уметничките академии и високите школи, па се до нивната организација управувањето, развојот, финансирањето и другите прашања на високо образовната дејност. Тука посебно привлекува внимание потекцирањето околу гарантирањето на автономијата во вршењето на високо - образовната, научно - истражувачката и уметничката дејност. Од посебен интерес е неповредливоста на просториите и просторот воопшто дека "полицијата не може да влезе" -

член 7, став 2 - "во просторот на Универзитетот", за да таксативно уште еднаш се каже дека "може да влезе само кога тоа е неодложно потребно заради спречување на општа опасност или на повик на ректор на Универзитетот или на лице овластено од него во случај на отсуство на ректорот заради спречување на казниво дело". Меѓутоа, недостатоците и на овој закон почнуваат да се применуваат веднаш по членот 8, и тоа скоро дословно како и во другите школски закони, дека не може да се врши политичко и религиозно организирање и дејствување. Што се однесува до религијата, тоа е негирање и е марксистичко комунистички став, додека што се однесува до политиката ние всушност со тоа се занимаваме. Кога рековме зошто некој се плаши од самата политика односно од самите студенти како идни политичари кои можат да ги завземат нивните места, ова последното треба да биде интенција на секое општество, па и на ова нашето сиромашно, и во џебот и во главата. Аферим.

Тоа значи дека првиот став на членот 8 е "домашно производство", но сосема непродуктивно, фалиментационо, загубарско, како оние славни 25 загубари, па ете и овој предлог и став како 26-ти загубар. Единствено ставот 2 од овој член е стандарден, а кој се однесува и таксативно ги набројува категориите на дискриминацијата, вклучувајќи ја и националната и верската, како и овој закон, не се дозволени. Меѓутоа, што е екстремно, апсурдно веднаш потоа во членот 9 став 1 "високообразовната дејност се остварува на македонски јазик", тоа е самоубиство, тоа е катастрофа. Што е тоа? Тоа не е ништо друго, туку експлисите и имплиците, чиста правна дискриминација. Дури потоа доаѓаат граѓаните од втор и трет ред, аферим. "Универзитет основа Собранието на РМ',1 член 13. "Меѓутоа, ако во основа домашно и странско правно и физичко лице, концесија, одобрение", член 14 став 1. Кој друг ќе дава концесии или одобрение, туку фамозната влада на Република Македонија. Што значи тоа? Тоа е многу јасно. Значи дека

Универзитет на Македонски јазик основа Собранието на Република Македонија, но ако "случајно" се обидуваат да отворат и албанците, тогаш се знае, Владата нема да го одобри.

Понатаму, во Предлогот за донесување на законот за високото образование многу убаво се наредени, таксативно постарите универзитети Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во член 117 став 1. Меѓутоа, сметам дека и секој обичен граѓанин и секој македонец кога ќе го прочита овој текст, овој член и став, ќе забележи дека тука нешто фали, дека нешто не е вред, дека нешто недостасува, дека нешто тука не штима, дека тука нешто не звучи добро, дека тука нешто е неартикулирано, дека е нехармонично, дека не... , не се знае уште што би рекол дека не е, не е никако не е. Значи, тука фали една мала работа, не фали "случајност", не фали ситница, не фали риба или мува, туку фали една цела високо-образовна установа , фали и срцето и душата и животот на една не баш толку мала националност. Значи, фали цел еден универзитет. Фали најновата наша високообразовна установа, фали универзитетот во Тетово. Засега во мнозинство или во значителен број на албански јазик, за разлика од другите два универзитети, меѓутоа и според програмата и Статутот, еднаков и сличен на другите универзитети, отворен за секого, за секоја националност во РМ и пошироко од тоа. Грешката е уште поголема кога и во самиот Предлог за донесување на закон за високото образование, член 14 став 1, - "Универзитет односно високообразовна установа може да основа и домашно правно и физичко лице" и самиот закон е контрадикторен самиот со себе, а да не зборуваме за противустанвоста и против меѓународните конвенции кои непосредно и посредно ги потпишала и нашава Република. Цитирам:

"Да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност; во Република Македонија граѓаните се

слободни и се е слободно што со закон не се забранува; граѓаните на РМ се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националност и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба; граѓаните пред Уставот и Законот се еднакви, секој има право на образование; граѓаните имаат право под услови утврдени со закон да основаат приватно образовни установи во сите степени на образованието освен во основното образование; на Универзитетот му се гарантира автономија; се гарантира слободата на научно уметничкото и другите видови творештво; се гарантираат правата што произлегуваат од научното, уметничкото и друг вид интелектуално творештво; Републиката го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметноста и културата; Републиката го поттикнува и помага научниот процес; припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености; Републиката ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите; припадниците на националностите имаат право да основаат културни и уметнички институции, научни и други здруженија заради изразување, негување и развивање на свој идентитет; секој е должен да ги почитува Уставот и законите; ограничувањата на слободите и правата не може да биде дискриминаторство во однос на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена припадност, положба итн." Крај на цитатот.

Меѓутоа, знаете или не дека на 4 јуни 1994 година во Тетово е одржано основачкото собрание и е поставен камен темелникот на Универзитетот во Тетово.

Второ, на 26 ноември 1994 година е одржано второто собрание на Универзитетот во Тетово, кога е донесено конечното решение кога треба да се прогласи свеченото основање на Универзитетот во Тетово

Трето, на 17 декември 1994 година, за да се избегне евентуалната конфронтација со ненаучните, необразованите сили и албанофобите, во утринските часови прво претставниците, а потоа во 12 часот спонтано и без број маса луѓе пред Собранието на општината Тетово на свечен начин го прогласија основањето на Универзитетот во Тетово.

Четврто, на 15 јануари 1995 година пред зградата на Универзитетот во Мала Речица, Тетово, во присуство и на една американска делегација на најсвечен начин е прогласен и почетокот на академската година, во присуство на околу 100 иљади граѓани од Тетово, Македонија и странство.

Петто, на 16 јануари и 18 јануари 1995 година во с.Порој односно Речица пред и во објектите на Универзитетот во Тетово, поттикнувањето и обидувањето за спречување за одржувањето на наставата од страна на македонската полиција, како последица на чии нецивилизирани акти, со употреба и на огнено оружје, падна и првата жртва, покојниот Абдул Сељам Емини пред објектите на Универзитетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Рамадани ако може да се вратите на темата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Шесто, на 18-ти јануари ... јас мислам дека сум на темата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, да зборуваме за Законот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не, немојте да ми сметате, барем на Македонски немојте да ми сметате.

На 18-ти јануари 1995 година, после погребот на покојниот Абдул Сељам Емини од Мала Речица, во центарот на градот и пред полициск-

ата станица и Општинскиот затвор, пред Собранието на Општината Тетово, мирни демонстрации на околу 100 илјади граѓани од Тетово и цела Македонија и пред безбројните полициски или наоружени со најмодерно оружје, до заби, кога се очекуваше и најлошото, невиден масакар и војување во Тетово, Македонија, на Балканот и Европа, а која иако со минимизирање е призната и од поттикнувачите, ја запре, ја елиминираше точно сум на тема, кој друг туку пратеникот на овој Парламент.

III/1 . -JJ/МЛ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Вашиот соговорник кому би требало, иако за време на расправата во текстот на Предлогот на законот за одликување и признание не му беше прифатен ниту амандманот со трите предлози, за трите ордени дека имал Александар Македонски Календешдајази - Султана, било тоа, како и другите државни шест ордени, па и последни- те, значи требаше мал орден. Можеби не е скромно меѓутоа повеќе е жалосно....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ваквите искажувања ве молам да ги задржите за свои презентации, лични, за конференции со новинарите итн. Ве молам зборувајте за законот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

... во Македонија и широко, тука овој Парламент и тоа во прв ред треба да се гордее со хуманиот,најдемократичниот, широкогруд, на вашиот соговорник и член на овој дом. Вашиот соговорник уште за време на Второто собрание на универзитетот во Тетово предложен лично од првиот ректор на универзитетот д-р Фадил Сулејмани е член на универзитетскиот совет за консултирање со претседателот на Републиката, со Владата и со Парламентот. Меѓу- тоа,иако постои околу една година писмено барање од страна на универзитетот досега никој не не повика, па бидејќи сум се напол изгледа некако случајно овде, нека почне дијалогот со овој, значи со следниот фактор со Парламентот денеска и дозволете ми во името на универзитетскиот совет на универзитетот во Тетово...

III/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, вие зборувате само во свое име.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас го иницирам овој дијалог на тема како и со другите прашања за окончување на меѓуетничките тензии кои се веќе на прилично заострено ниво. Затоа барам бидејќи сметам дека Предлогот за донесување на законот за високото образование треба да се врати уште еднаш во почетна процедура, да се елиминираат овие и слични недостатоци и во прв ред што се однесува до легализирање на веќе постоечкиот факултет во Тетово, да не се чека и третата генерација вон системот на високото образование, бидејќи со тоа нешто не е во ред, нешто што ќе мора утре, зашто да не биде денес ка и тоа под итно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам ние се наоѓаме пред многу сериозна задача да распраавме и да ги утврдиме нашите погледи во оваа прва фаза по законот што ни е сега на дневен ред, за високото образование. Господинот Сали Рамадани направи голем напор да ме принуди да прекинам или да ја прекинеме седницата, да дадам пауза, но ете успеавме тоа да не го направиме, немам ништо против што мисли за себе тој или некој друг овде, меѓутоа, да се држиме сепак, да работиме овде на проектот што е пред нас. Инаку вака никогаш не можеме да завршиме и основната работа нема да ја свршиме. Она што некој сака надвор од тоа да го соопшти, ова е слободна земја, може да дава изјави, може да држи говори, средби, тркалезни маси, митинзи се е можно, но ова е сепак Парламент и ајде да работиме.

Има збор господин Шаќири.

III/3.-

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Предлогот за донесување на законот за високото образование е еден од најважните закони со кој може да се создаваат услови за разрешување на многу нагомилани проблеми што претставуваат израз на погрешно водената политика што се води досега од страна на владините органи во оваа сфера. Имајќи предвид улогата и карактерот на овој закон од кој ќе зависи перспективата или просперитетот или економскиот развој и другите промени во земјата, токму од овие причини овој закон заслужува сериозна анализа, без националистички оптоварувања или други предрасуди и надгласувања кога се во прашање ваквите законски проекти. Бидејќи законот се наоѓа во прва фаза како Предлог за донесување на законот, Владата, односно ресорното министерство во завршната фаза треба да ги земе предвид и да ги инкорпорира сите предлози и забелешки што ќе произлезат од оваа расправа, поготово кога се однесува за решавањето на проблемите од сферата на високото образование за Албанците.

Тргнувајќи од лошата состојба во високото образование кај нас Албанците што е резултат на некоректната политика што ја води и досега Владата со тетовскиот универзитет, проблемите од ваквото однесување уште повеќе се искомплицираа. Ние Албанците досега покажавме исклучително чувство на толеранција и трпение и покрај сите неправди што се направени и штетите што ги претрпевме во сферата на високото образование од досегашниот режим, кој ја мина секоја граница на непристојноста. Владата како најодговорен орган по овие прашања, наместо да понуди законско решение да се седне да се разговара со органите на тетовскиот универзитет, меѓутоа за дијалог го избра најлошиот пат а тоа е употреба на сила. Така универзитетот стана тепачка цел на сите деструктивни и антихумани идеолошко настроени

сили во земјата, кои со скандалозни настапи бара да се спречи универзитетската настава.

Господо пратеници и сите други присутни во салава, сите сме пред еден многу важен момент, расправаме за еден закон од кој ќе зависи иднината на сите граѓани во оваа Република, Во интерес на стабилноста и мирот во оваа Република треба да бидеме поконкретни, без тенденциозни настапи, да покажеме политичка зрелост, се со цел овој проблем да го надминеме така како што го бараат нашите услови на живеење. А сето тоа може да се постигне или да се оствари во конкретниот случај со законското решение и во корист на албанските интереси за високото образование. Секоја друга алтернатива е против интересите и на државата и на самиот македонски народ, а за Албанците претставува враќање во времето на инквизицијата. Се поставува прашање предложениот закон дали претставува акт со кој што може да се надмине состојбата со тетовскиот универзитет. Според формулацијата на членот 9 од предложениот закон за високо образование - не. Во суштина овој член ќе биде пречка за вклучување на универзитетот во рамките на системот. Токму од овие причини јас како член на овој законодавен дом барам овој член да се измени со намера да се дојде до едно реално решение, а тоа може да се постигне само со рамноправен третман во универзитетското образование и за Албанците, вклучување во системот и на тетовскиот универзитет. Друго решение нема. Доколку државните органи и понатаму настојуваат да го задржат дискриминаторскиот став кон овој проблем, сакајќи сега со законот да го направат тоа што досега го направиле со Одлуката на Владата од декември 1994 година, ваквата определба да го спречат универзитетот претставува голема грешка, и не може да се оправда со ниеден факт. Ваквиот чин на државните политичари е историска грешка, и да знаете

дека јазот на недовербата кон државните органи кај Албанците ќе се зголемува, бидејќи секој албанец е свесен за овој проблем да размислува зошто Владата не создава услови за нормално работење на универзитетот, како и што се крие позади оваа политика во врска со овој научен проект. Репресивните мерки досега што ги преземаше Владата за спречување на наставата, повикувајќи се на Уставот, ни се познати и не кореспондираат со суштината на проблемот, и не доликуваат на цивилизираниот свет, како и тоа што немаат ништо заедничко со демократските процеси.

Господо, на сите треба да им биде јасно дека проблемите во сферата на високото образование не се решаваат со полиција или со репресивни методи. Овие проблеми треба да ги решава Министерството за образование и физичка култура, госпоѓата, моментално Емилија, а не господинот Фрчковски. Но, за жал, со ваквиот предлог на законското решение Владата и во иднина настојува тетовскиот универзитет да го задржи под полициска контрола, бидејќи сегашниот предлог за донесување на закон за високото образование токму тоа го детерминира. Ние бевме принудени на овој чекор сами да се организираме за високото образование. Вината не треба да се фрла на Албанците, туку на државните органи, бидејќи не покажале спремност да го решат овој проблем што требаше да се реши пред осамостојувањето и прогласувањето на независноста на Република Македонија. Иницијативите од научен карактер треба да имаат поддршка од сите прогресивни сили без разлика на национална и верска припадност, бидејќи е во корист на сите.

Како пример јас ќе го спомнам Скопскиот универзитет во овој момент кој датира од 1945 година. Анализирајќи го функционирањето на овој универзитет, резултатите се јасни, како и колку придонел за еманципација и унапредување на македонскиот народ, знаејќи притоа

дека 1945 година и пред неа сите сме биле во иста положба, кога станува збор за високото образование. Меѓутоа, за жал, денеска постои голема разлика и се поставува прашање зошто се случи така, а одговорот е јасен, на овој универзитет, од неговото постоење вратите за Албанците никогаш не биле отворени како за Македонците. За оваа работа знае секој обичен граѓанин на оваа Република. Идејата за формирање на тетовскиот универзитет претставува израз на желбите на сите Албанци што живеат во Република Македонија. Бидејќи се работи за научна институција што ја сакаат сите и која што претставува перспектива и развој за националниот идентитет и ништо нема заедничко со лансираната идеја и квалификациите дека сме против Македонија како што беше досега, интерпретирано пред јавноста од страна на Владата и многу други државни функционери. Јас ќе ги замолам овие господа во иднина да не се занимаваат со инсинуации и невистини и да не ја манипулираат јавноста.

Ќе се послужам со уште еден факт кога постоеше СФРЈ поголем број студенти Албанци од Република Македонија имаше можност да одат на студии на универзитет надвор од Македонија и имаше можност за прием отколку на Скопскиот и Битолскиот универзитет. А што е најлошо и како пример во овие последни четири години кога не постојат шанси да студираме надвор од Република Македонија, застапеноста на Албанците во двата универзитети е толку минорна што не може да се оправда со ниеден аргумент.

И на крај би сакал да завршам во мојата дискусија со една препорака до коалиционите партнери за кои што сметам дека се најодговорни за се што ќе се случува во оваа Република, имајќи предвид дека самите се декларираат пред јавноста, дека сте давале голем придонес за зачувување на мирот во овој регион, поконкретно во нашата Република, како и за сите позитивни резултати како најмериторна

заслуга се препишува на коалицијата. Господо, немојте да не доведете во ситуација универзитетот да биде причина на дестабилизација на Република Македонија. Одговорноста ќе ја сносите вие како извршна власт заедно со коалицијата. Ние немаме друго решение и нема да отстапиме од овој научен проект, затоа што сметаме дека е неопходна потреба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине претседателе, господа пратеници. Денеска имаме пред себе прва верзија на законот за високото образование. Бидејќи е прва фаза, односно прва верзија ќе се обидам да искажам некои работи и проблеми за кои што сметам дека треба посоодветно да се дефинираат во натамошниот, односно конечниот текст на законот.

Моите забелешки ги изнесов на седницата на Комисијата за образование и наука и сигурно овде ќе се повторам, но во секој случај би сакал да го изнесам моето мислење.

Во концепциски поглед овој проект на закон за високото образование е структуриран да ги задоволи постојните потреби и барања и да ги вгради општествено - политичките промени кои настануваат како резултат на севкупните промени во регионот и во Републиката. Меѓутоа, многу малку антиципира можни современи решенија и цивилизации, организациони иновации итн. Законскиот проект прав обид а кај некои сегменти постигнува и значајни внатрешни квалитативни и квантитативни промени, посебно во областа на децентрализацијата и централизацијата во управувањето и раководењето со високо образовните институции.

III/8.-

Битен елемент во законскиот проект е што знаењето се антиципира како моќен и клучен развоен ресурс на општеството. Законот прави обид за воспоставување на економично, рационално и ефективно образование, што е добро за самиот закон. Високото образование се темели врз основните принципи на демократичност, сеопфатност и интегрален систем на образование. Образовната стратегија на системот за високото образование треба да се базира и врз единство, рамноправност на граѓаните во образованието и во овој сегмент и ниво на образование. Со оглед на фактот што универзитетот ќе се најде во нови ерголошко - ергономски односи, овој законски проект што ја регулира дејноста на високото образование треба да биде поставен на поширока расправа во високо образовните организации и институции, со што истиот ќе добие во квалитет, содржина, суштина и демократизација.

Посебно треба да се бараат модели за современо високо образование, нова организација и дизајнирање на наставно - научниот процес, квалитетно менување и унапредување на односот наставник-студент, суштински промени во постојниот традиционален систем и начин на оценување и вреднување на знаењата, напредувањата на студентите и нивната афирмација како креативни субјекти во наставата и науката.

Високото образование претставува значен дел од системот што овозможува профилирање на кадрите и оспособување за непосредно вклучување на младите во развојот и развојните процеси. Оттука високото образование претставува фактор што овозможува манифестација на вредностите на личноста во сите сфери на живеењето, а посебно на планското насочување, програмирање на развојот, во себе снаоѓањето и вработувањето, во ефикасното учество

III/9.-

во културниот, општествениот, економскиот живот и научно - технолошкиот и технички от развој на државата. Во овој контекст образованието значи еден од фундаментите врз кои се изградува општествената заедница и

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (Продолжение)

И за нашата Република образованието претставува исто така еден клучен сегмент за развојот, особено високото образование, за кое денеска расправаме, поточно, за предлогот на законот. Од тука, мора да ја прифатиме тезата дека најважно инвестирање во државата е инвестиција во образование на младите. Без тоа, може да се случи само забавено темпо на очекуваниот растеж.

Структурални промени, цивилизациски процеси, општествените трансформации, технолошките процеси, промовирањето на демократијата и афирмирањето на демократските процеси, како и воспоставување на нови системи на вредности, нужно наметнува високото образование да биде широко отворено и афирмирано за сите граѓани на Републиката. При што да се овозможи самите граѓани да се определуваат на кој јазик ќе учат и на кој јазик ќе ја продолжат наставата.

Во овој контекст сериозен проблем во Републикава претставува високото образование на мајчин јазик на националностите зборувам во овој случај за Албанците. Ова посебно е значаен проблем кога се знае големиот број на ученици во основното и средно образование кои учат на албански јазик. Ако се има предвид бројот на учениците, мрежата на училиштата, потребата од стручни кадри, како и остварување на целите, задачите и функциите на образованието на мајчин јазик, високото образование на албански јазик треба да им посебно место во планското насочување, програмирањето, спогодувањето, иницирањето и реализацијата на овој степен ка образование, создавајќи при тоа и универзитетски центар на албански јазик.

IV/2

Проблемот на образованието на албанците, во овој случај во РМ е еден процес. И, ценам, ако така се прифаќа од институциите на системот има шанси да се разреши без поголеми тешкотии. Јас сум свесен дека разрешувањето на овој проблем не може одеднаш. Но, сметам дека е нужно да се започне со отворање и создавање институции за високо образование на албански јазик, а некои од нив да се консолидираат.

Во оваа насока сум оптимист дека ќе преовлада разумот аз прифаќање на иницијативите и формализирање на Универзитетот со настава на албански јазик во Тетово во единствениот систем на образование.

Тргнувајќи од потребата системот на високото образование да се постави врз пошироки основи и со тоа да се обезбеди можност за институционализирање на високото образование на албански наставен јазик, овој законски проект треба да прави и--дополнителни напори.

Имено, главниот дополнителен напор при подготвување на дефинитивниот текст на законот треба да се направи во^членот 9 од Предлогот. тој треба да фундира на поширока демократска основа, да биде афирмативен, дециден и програмски, т.е. да овозможува високото образование во државните или приватни високообразовни институции да се одвива и на јазикот на националноста.

Затоа предлагам во првиот став на член 9 од Предлогот за донесување на закон д се дополни "и настава на јазикот на националноста".

Во ставот 2 на овој Предлог на чл.9, после зборот "основно" да се додаде и зборот "и средното образование".

Додека во чл.1 зборот "универзитет" да се замени со зборовите "државен и приватен универзитет".

Во овој случај сакам да истакнам дека високото образование на јазикот на националностите, во случајов на албанскиот, во нашава Република претпоставува и постоење законско решение. Тие решенија треба да се донесат и тоа е овој закон и овој Парламент. Ценам дека ова прашање има уставен основ. Само што Уставот треба да се чита, толкува и објаснува демократски и екстензивно. Тој дава доволен простор за ова прашање.

Исто така ценам дека за остварување на високото образование на мајчин јазик на националностите не се во прашање финансиските проблеми. Постојат огромни аргументи: политички, економски, национални, стратегиски и сл. во оваа фаза на разгледување на законот да се институционализира високото образование на албански јазик. Тоа оди во прилог на општествената кохезија и интеграција. Впрочем, се прашуваме, ако со Устав на националностите им е дадено право на образование на својот мајчин јазик во основното и средното образование, дали не треба да се обезбедат и објективни услови за образование на мајчин јазик и во високото образование? Овој закон тоа треба да го овозможи.

Ја прифаќаме големата идеја на Делчев дека "светот го сфаќаме како културен натпревар на народите" тогаш да смогнеме сили и да прифатиме дека образованието е основен фактор за културен натпревар. И, во овој контекст само да потсетам, бидејќи вие тоа го знаете подобро од мене, на мислата на Константин Миладинов "секој народ може само на својот јазик побрзо да се просвети".

Републичката Влада и посебно Министерството за образование треба да покажат поосмислен и поангажиран однос во остварувањето право на образование на мајчин јазик, со сите придружни елементи, до

универзитетско ниво. Ама, правност и демократија и во образованието до највисок степен ќе биде само аргумент плус дека нашата Република високо ги антиципира потребите и меѓународните конвенции.

Се разбира, поддржувајќи ја можноста од промени во законот за високото образование, ценам дека многу предлози, сугестии и барања ќе се прифатат. Од таму, при конечното дефинирање на законскиот предлог да се има разбирање, осет и политички резон за донесување на закон со оптимално значење кој што ќе конвергира а не да антагонизира односи. Тоа ќе се создаде широка основа за реално функционирање на институционалниот и единствен образовен систем, со што се зголемува неговата ефикасност, демократичност и компатибилност.

И, на крај да заклучам политичката интелигенција и сезкупната интелигенција во Републикава треба да покаже поголема смисла за демократски принципи за развојот на односите во државата. Основна детерминанта за севкупниот развој е образованието на граѓаните. Образованието на мајчин јазик пак е мерило за демократскиот развој, за антиципација на рамноправноста на повисок степен.

Од тука, очекувам во конечната верзија на законот исто така да претрпи квалитативни и суштински измени во полза на остварување на рамноправноста на образованието на мајчин јазик.

Во образование народ треба да гледаме здрава иднина и секој страв од тоа е неоснован. Наспротив, необразованиот може да пречи на развојот. Затоа, законското регулирање на високото образование на албнаски јазик е чин на откривање на историскиот момент и перспектива, а таа постапка и готовност е насочена кон интегрален развој на

Републиката и нејзино вклучување во современите техничко- технолошки процеси на политичките и демократските трансформации. Тоа е во полза на сите кои живеат во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Г-дине претседателе, ценети парламентарци, денеска пред овој Парламент предлагачот, Владата на РМ односно нејзините претставници предлагаат закон за високото образование. Овој предлог закон е од голема важност за образованието, науката, уметноста, за подготвување нови кадри кои ќе работат и делуваат во сите текови на образованието, културата, стопанството, во другите институции. Со еден збор во сите области на животот во нашата Република.

Наш интерес е да донесеме закон што ќе биде во потполна смисла во интерес и за албанците во Македонија. Со тоа, тој закон ќе има посебна животна важност. Сакам да истакнам дека ова Собрание денеска се наоѓа пред еден испит, би рекол судбоносен испит за самобитноста на Албанците во оваа заедничка држава.

Се наоѓаме пред едно важно искушение, што бара широкоградост, што бара разбирање и парламентарна интелектуална толеранција. Ако паднеме на овој испит, последиците можат да бидат непредвидливи.

Во врска со ова што го потенцирав сакав да истакнам една позната мисла до Жан Жак Русо кој вели: "како архитект кој пред да го почне темелот на една зграда, најпрво набљудува, ја студира почвата за да се

убеди дали таа може да го поднесе товарот на зградата". Така и паметниот законодавец не го составува прво законот за апстрактен начин, туку најпрво студира дали граѓаните се во состојба да го поднесат.

Со ова сакам да истакнам дека Собранието не донесува закон за Владата, туку закон за општите интереси на сите свои граѓани.

На страниците од образложението од Предлогот на закон за високо образование се запознаваме и со статистички податоци што се од важен интерес, а се однесуваат за бројот на студентите во текот на последните години. Се запознаваме со бројот на студените кои ги завршиле универзитетските студии, се запознаваме со високите научни кадри и др. Навистина, чувствуваме посебно задоволство кога читаме во составот на двата универзитети во Скопје и Битола функционираат-32 високо образовни институции, 25 факултети со 110 насоки, 2 институции за интередисциплинарни студии и 5 виши школи со 2 9.057 студенти. На прва година на студиите годишно се запишуваат 7.2 00 нови студенти. Дипломираат 2.713 студенти, магистрираат 67, а 4 9 стекнуваат докторат на науки. Вкупниот број на наставниците и соработниците изнесува 2.394. Меѓутоа, загрижени сме кога гледаме дека во самото образложение не наоѓаме и цифри за студентите албанци и други националности кои ги завршиле студиите во дотичните факултети. Зборот ми е и за дипломираните студенти албанци и за професорите кои работеле и работат на овие универзитети.

Имам некои податоци, некои цифри од Универзитетот во Скопје, само за 3 факултети: медицински, економски и правен факултет за периодот од 1947 - 1987 година. За временски период од 4 децении

завршиле општа медицина 5.553 студенти, од овој број 185 Албанци. Стоматологија 449, а 18 Албанци. Фармација 6.341, а 210 Албанци. Специјализирале во разни области на медицината 2.314 студенти, од кои само 86 Албанци. Магистри на медицинските науки 47, ниту еден Албанец. Доктори на медицински науки 91, ниту еден Албанец. Рехабилитирани во медицинските науки 121, се на се 259, ниту еден Албанец. На економскиот факултет од 1970 до 1980 год. дипломирале 2.094 студенти од кои само 2 3 Албанци. Од 198 0 до 1990 година фипломирани 3.963 студенти од кои само 28 Албанци. Се на се 5.857 студенти, од кои само 51 Албанец. од 1970 година до 1990 година магистрирале 346 студенти. Односно само 7 Албанци. А, од 1970 до 1990 година докторирале 74 кандидати од кои само

2 Албанци. На правниот факултет во текот на 40 години од работа од 9.341 дипломиран студент само 10.тина се Албанци. А, од 166 магистри, само 2 се Албанци. Од 1951 до 1980 година докторирале 35 кандидати. Ниту еден Албанец.

Заклучокот е, бидејќи високото образование е незаменливо како институција, отстранувањето на граѓанинот од тој процес на високото образование е рамно со отуѓувањето на духовниот и материјалниот живот.

Не би сакал да ве заморувам со други податоци, затоа што имам и за другите факултети каде што Албанците односно националностите се преставени само симболично, односно само еден симболичен дел од нив завршиле факултет.

Составувачите на оваа материја се однесуваат на начин како во Македонија да нема Албанци и други националности. Навистина е чудно. Во тој дел на образложението не наоѓаме и податоци за бројот на

студените Албанци, ниту за академската година што завршила. За ова барам информација од страна на министерката.

Албанците немаат свои институции. А, во институциите на оваа држава или се застапени симболично или не се застапени воопшто. Ние чувствуваме исто така посебно задоволство за постигнатите резултати што ги постигнале стотици образовни, културни просветни, економски и здравствени институции и од други области на дејноста на македонски јазик.

Ги почитуваме резултатите на Академијата на науките и уметностите каде што нема ниту еден Албанец, ниту пак од другите националности. Меѓутоа, ме загрижува фактот што оваа највисока научна институција до ден денеска не најде за сходно да најде место за еден Албанец.

Ценети парламентарци, со овој предлог за донесување на закон аз високото образование, Албанците се исклучени од законското и природното неприкосновено право да се школуваат и образуваат на мајчин јазик и во институциите на високото образование. Со овој предлог-закон на Албанците им се ограничува правото на универзитет, Универзитет на свој јазик во Македонија. Сакам да истакнам дека бројот на студенти Албанци запишани на двата универзитети во Македонија е симболичен. Додека со тие кои завршуваат виша школа ни приближно не можат да се задоволат минималните потреби на основното училиште, а да не зборуваме за потребите на кадар во средните училишта, за научни кадри, уметнички, културни и други.

Според некои податоци до 2.000-та година за основните и средни училишта на Албански јазик ќе треба околу 4.000 професори. Јас прашувам од каде, кој ќе ги подготвува тие кадри

IV/9

Додека постоеше поранешна Југославија, студентите Албанци од Македонија студираа на свој јазик на Универзитетот во Приштина. Нивниот број беше значително голем. Неколку илјади. тие ги прекинаа студиите од познати причини. Додека, новите студенти ниту имаат можност да ги продолжат студиите на Албански јазик на универзитетите во Скопје и Битола. Минимален број студенти Албанци студираат, студиите ги продолжуваат на Универзитети во Албанија.

Се поставува прашањето, не е ли должност, облигација на оваа држава во чија каса се сливаат и парите на Албанците, да создава услови и за високо образование на Албански јазик.

**РАМИ ТУДА:** (Продолжение)

Албанците во оваа нова држава, која е и нивна, се уверени дека високото образование е нужно за нив и во иднина не секаат да припремаат за живот само печалбари и слуги. Албанците не можат да се еманципираат и интегрираат во тековите на системот, во плуралниот живот без високо образование.

Дами и господа, Македонија не може да се ризикува од светоста на знаењето, од слепоста на науката и од високообразовната дејност на албанците. Македонија, евентуално може да се ризикува од отскорантистичките, конзервативните,монистичките, унитарните, недемократските и деструктивните тенденции кои имаат за цел албанскиот етнос да го остават во средновековната темнина без свои научни културни, уметнички и други институции. И тоа значи надвор од институциите на системот, надвор од општите текови на демократските процеси кои се во тек на изградба во Македонија.

Правото на албанците да студираат во институциите на високото образование е да имаат свои универзитети. Правото да припремаат високообразовни кадри со цел да го унапредат своето знаење и го применуваат во сите домени на животот е природно и неприкосновено право по сите правила и норми на меѓународното право за образование на свој јазик. Сакам да истакнам дека само рамноправните граѓани може да бидат пријатели. Просторот за слобода никогаш не е доволен за човекот, а за да му оставиш простор и слобода на другиот треба да го ограничуваш своето апсолутно право. Кога се ограничува слободата, граѓанската иницијатива тоа значи дека нешто не е во ред во системот на самата држава. Албанците ја сакаат високообразовната институција затоа што се убедени дека кога се отвара една воспитна образовна институција се затвора еден затвор, а ние мислиме дека кога се отвора

еден универзитет се затвораат неколку затвори.

Ценети парламентарци, мислам дека предлогот за донесување на закон за високо образование не ги респектира основните уставни начела на Република Македонија. Во Република Македонија живеат два поголеми национални колективитети, македонците и албанците, врз кои паѓа поголемиот товар и одговорноста за развојот и иднината на Републиката и нејзината интеграција во европските токови и поредок. Оттука се наметнува потребата и неопходноста со овој закон да се легализира високообразовната дејност и на албански јазик.

Со членот 9 на Предлогот на законот за донесување на закон за високо образование со ставовите 1, 2 и 3 не се решава прашањето за високото образование на албански јазик во Република Македонија. Предлагачот со својот предлог воопшто не го решава проблемот на високото образование на албански јазик во Македонија. Затоа со цел да се создава простор за решавање на ова прашање треба да се создава правна претпоставка за објективно реализирање на правото за високото образование.

Во овој предлог закон треба да се создава правен основ за да се, и Тетовскиот универзитет кој денес е реалност да функционира во склоп на системот на високообразовната дејност во Македонија и тоа значи да се институционализира и нормално да функционира респектирајќи ги наставните планови и програми на Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија.

Во Тетовскиот универзитет ништо лошо не се случува. Разли- ката од двата универзитета во Македонија се состои само во тоа што во Тетовскиот универзитет наставата се изведува на албански јазик, а

македонскиот јазик во оваа високообразовна установа има посебно заслужно место. Се надевам дека на оваа седница овој Парламент ќе ја сведочи својата мудрост со цел да не остави простор за употреба на репресијата, бидејќи насилството не е алтернатива на образованието. За разрешувањето на овој проблем комплексен компетентен е и овој Парламент. Прашањето за високото образование на албански јазик треба да се реши денес бидејќи тоа е потреба и неопходност на времето во кое живееме.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, дозволете накратко да го изнесам моето мислење во врска со Предлогот за донесување на овој важен закон. Според мое мислење, поаѓајќи од содржината на законот јас сум навистина во дилема дали се работи за предлог за донесување на закон за високо образование, или пак се работи за предлог за минимален политички компромис, секако компромисот е прифатлив во повеќе дејности, меѓутоа тука се работи за витална општествена дејност и тука не би требало ни премногу да има компромиси, туку едноставно треба да има анализи, објективни решенија, соодветни на времето и реалност.

Едно од главните прашања кои тука индиректно се поставуваат е дали постои правна основа за да се овозможи право на мајчин јазик што се однесува и на високото образование. Во прилог на позитивниот одговор на ова прашање јас ќе изнесам две важни компоненти и тоа:

Прво, уставните начела на Уставот на Република Македонија.

Второ, меѓународните акти кои ја обврзуваат Македонија односно на кои претендира Македонија да ги прифати односно да ги ратификува. Уставот на Република Македонија предвидува некои важни начела, како

што е општо граѓанската рамноправност без оглед на националност, вера, вероисповест, политичко убедување, општествена положба итн.

Второто е определбата од преамбулата на Уставот на Република Македонија за националната рамноправност иако тоа е предвидено како изградба за иднината. Меѓутоа, мора да наведам тука дека ова не би требало да остане само како декларативна форма, туку мора со соодветни сегменти и механизми да се вгради во сите дејности.

Трето е начелото на достапсност на образованието за секого и под еднакви услови и,

Четврто, уставното начело дека се е дозволено освен ако со Устав или закон не е забрането, излично не е забрането.

Што се однесува до меѓународните акти тука разликуваме две групи на акти. Првата група на акти е меѓународни акти на кои Македонија е веќе сукцесор од бивша СФРЈ и второ се меѓународните акти кои Македонија ги прифаќа односно треба да ги прифати со оглед на тоа дека веќе се интегрира во некои важни европски интеграциони процеси. Тука посебно ќе го наведам за двете групи Конвенцијата за образование во рамките на УНЕСКО, Конвенцијата за рамковна заштита на правата на малцинствата, како што стои во документот, која предвидува заправо реална рамноправност со мнозинскиот народ во средени сегменти се работи за културата и образованието; Конвенцијата за културните права и другите акти кои повеќе немаат правен карактер, туку имаат морален политички карактер како што се декларации, резолуции, завршни акти, повелби итн. Меѓутоа, ние тука како да имаме балканско натпросечен талент да ги толкуваме работите во најрестриктивна мера и секогаш сметам дека постои реалност, дека во

одредена мера не постои некоја политичка волја за да се направат такви коренити решенија. Во контактите со меѓународни фактори нашиот естаблишмент комуницира понатаму од тој аспект дека се има политичка волја меѓутоа се нема политичка клима и треба да се чека доста време да се изгради таа свест на политичка клима итн. Јас сметам дека тука нема премногу вистина. Не може секако да се изгради политичката клима ако и самата влада некои идеи ги фатализира, некои проекти ги сатанизира и тн., уште повеќе ако на тие проекти, иницијативи, визии, предлози има репресивен однос што не би требало да е дозволено. Јас сметам дека за ова прашање навистина треба да се отвори еден дијалог, политички дијалог. Треба умереност, толерантност, објективен пристап со сите сили во Македонија, затоа што тоа е заеднички проблем, без оглед на тоа што се работи од посебни позиции. Сметам дека секој од нас има морална обврска да ја ориентира својата нација не само кон тоа за толерирање на други култури туку и да ги ужива плодовите на тие други култури особено ако се работи за национална заедница со која ја дели судбината односно живее заедно. Јас сметам дека е тоа богатство. Многу жалосно ќе беше и трагично ако се оди кон културниот егоцентризам. Ако се одеше кон културната исклучивост и сметам дека тоа треба да се напушта постепено. Убеден сум дека така мисли мнозинството и на македонците и на албанците затоа што луѓето се свесни дека Македонија е мала држава и како таква веројатно не може да трпи огромна доза на не толеранција. На Македонецот сметам дека не му е потребна заштитата од албанската култура, исто така и на албенецот не му е потребна никако заштита од македонската култура. Напротив треба да се направи се на сите граѓани да им се решаваат виталните и егзистенцијалните прашања кои веќе се актуелни и пред нас. Нив, според мое мислење треба да ги заштитиме, првенствено треба да ги заштитиме  од сапите. нас, од овој;п Парламент односно дел

од овој Парламент, од Владата, односно дел од Владата. Сите ние ја сакаме Македонија како модерна, демократска, цивилизирана итн. меѓутоа, таа не може да биде како таква ако е модерна, демократска и цивилизирана само за една национална заедница. Таа може да биде демократска и цивилизирана, напредна итн. за сите национални заедници и граѓани кои живеат во неа, или воопшто нема да биде демократска односно фактички ќе имаме лажна демократија. Ако сакаме да имаме финансиска и економска поддршка од меѓународни институции јас сметам дека тоа е повеќе од потребно затоа што е неопходно да се решаваат егзинстенционалните прашања на граѓаните, тогаш неминовно треба да се менува и свеста, а и политиката и најмалку тука ни е потребна босанската политика. Предлогот што се изнесува според мое мислење е ѓемиш, така да го наречам, така што предвидува за спремање на кадри за основно образование, тоа може да се организира на мајчин јазик, потоа за спремање кадри за средно образование, за одделни наставни предмети на мајчин јазик и третото е за предмети кои се однесуваат во негувањето на културниот идентитет, исто така кои можат да се организираат на мајчин јазик. Меѓутоа, јас сметам и се согласувам ако сакам да бидам објективен дека тоа е чекор напред, меѓутоа не можам да кажам дека ваква состојба е скроз дефинирана, така што имаме се уште состојба "ни девојка ни риба". Постојат аргументи кои можат да се слушнат од средствата за јавно информирање, од одделни изјави на политичари, политички партии итн. дека таков проект ќе биде прескап за Македонија како мала држава. Јас сметам дека многу поскапо може да е недовербата и е, не само може да е, недовербата, раздорот и така натаму и сметам дека предлагачот на законот веројатен на овој план ќе направи нешто.

V/7

Уште нешто би требало логично и прагматично да се постави како прашаше т.е. да се вратиме пет години наназад и да се запрашаме вака. Значи една група, национална група на граѓани која имаше своја држава, која се викаше СФРЈ, а која овозможуваше и високо образование на мајчин јазик, сега имаме сосема друга ситуација, таа иста група, како држава која ја има Република Македонија, која се уште нема некое посебно расположение ова да го докрајчи. Ако вака размислуваме јас сметам дека можеме многу поблиску до реалноста да бидеме.

Мора да изнесам забелешка што се однесува до концесиите што ги дава Владата во однос на можните приватни универзитети. Тука тие концесии на Владата наместо да се предвидуваат така што таксативно да се набројат условите и критериумите кои треба да ги исполнат, субјектите кои сакаат да формираат таква институција се предвидува, ми се чини ако добро сум го прочитал дека се работи сепак за дискреционо право на Владата. Значи, таа може да решава, може да одбива. Јас сметам дека првата варијанта што ја изнесов треба да стои. Сметам дека и во оваа област мора да се изгради плурално и конкурентно високо образование и тоа веројатно позитивно ќе се рефлектира и врз квалитетот во високото образование.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, предлогот за донесување на законот за високо образование, вака како што е формулиран содржински а кој според предлагачот соодветствува на новите процеси во државата неминовно не соочува со потребата за заеднички предлог за размислување токму по овие НОБИ процеси во државата наметнати од економските проблеми на општествено - економскиот и политичкиот систем. Зошто? Затоа што сметам дека и овој

предлог за донесување на закон безобѕирно се застанува на становиштето на новите процеси во државата. Целата, па и просветната законска регулатива да се градат еднострано и во исклучивиот интерес на мнозинската популација. Сето ова е во длабока противречност со реалните интереси на другите популации кои јазично и културно се разликуваат од мнозинската популација, а чии интереси во една држава се заеднички за сите граѓани и треба да се изградува врз респектирањето на модерните европски принципи, за рамноправноста на граѓаните и националната рамноправност. Тоа значи почитување на вистинските принципи, на културниот плурализам со сите консеквенции што произлегуваат од тоа. Мора во уставната и законската регулатива, па и во владината програма да ги интегрира на идентичен начин и интересите на сите популации. Некој ќе рече нема веќе потреба да расправаме заеднички по принципи- те за дискусија што ги наметнува овој предлог за донесување на закон бидејќи и другите слични закони, во кои рестриктивно или тотално е негиран културниот и јазичниот плурализам се донесени по пат на еднострана расправа и исклучивата волја на парламентарното мнозинство кое воедно претставува и национално мнозинство. Но, потребата за заедничка и толерантна расправа е неодложна.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ**: (продолжение)

бидејќи токму по овој предлог закон не можат веќе да се прават концесии на штета на културниот и јазичниот плурализам, односно на штета на популациите кои јазично се разликуваат од мнозинската популација. Во едно општество во кое 40 отсто од популацијата културно и јазично се разликува од мнозинската би била најслепа утопија да се гради јазично и културно унифицирана држава и друштво. И најгрубо се коси со европските принципи и интеграциони процеси. Ако минатиот период, или минатиот режим им отстапи неоправдани привилегии на одделни народи да го градат нивниот национален и културен идентитет на штета на другите и со нивните материјални ресурси сегашните европски интеграциони политички процеси кои се поставени врз етнички стандарди тоа веќе не го прифаќаат, односно тоа помалку сега е можно. Но, ако некој се лаже дека баш овие европски принципи и принципи само тој има право и монопол да ги чита и да ги толкува по својата драга волја и тоа веќе не можат толку колку што мисли. Некој пак ќе рече, па досега така сме постапиле и така ќе продолжиме. Тоа го сметам за навистина јалова политичка тврдоглавост. Во политичкиот плурализам и политиката и секоја друга тврдоглавост има право на постоење, но нема право да се воведува како принцип на политичкото демократско одлучување. Затоа погледувајќи ја потребата и моето лично залагање текстот на овој предлог на закон да се прецизира со формулирањето на правото за високо образовна дејност на албански јазик, па на предлагачот му предложувам да изнајде можност за заедничко читање на сите меѓународни, а посебно европски конвенции за човековите, граѓанските, културните и образовните права за да се увери дека таа токму во тие конвенции многу јасно се гарантира правото за школување на мајчин јазик на сите нивоа.

VI/2.-

А поготово тоа е најлегитимно право за популации кои што претставуваат најрепрезентативен културен сегмент во рамките на една држава што го удоволуваат и стандардот од 25% и кои историски се форми- рани во таа држава. По овој повод чинам дека треба да се остават на страна досегашните политички прикази дека наводно граѓанската држава не познава национални права итн. И по овој повод уште еднаш ќе повлечам дека во Македонија мораат да коегзистираат и да бидат во рамнотежа двете слободи: Граѓанската и националната како жива дијалектика на демократската стабилност и перспектива овде како и доказ и показ за вистинската европеизација на оваа земја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Хисен Рамадани

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, г-ѓо министер, почитувани колеги не ми замерајте што ќе кажам дека малку ми смета што само така да кажам дискутираат само еден дел од пратениците кои што веројатно се заинтересирани, но, сите досега беа албанци. Веројатно после ќе се вклучат други ,ќе има можеби шанса и за реплика, меѓутоа мислев дека требаше уште на почеток да ислушав јас, подоцна да се јавев затоа што сакав да ислушам и некоја друга дискусија за да малку и сами овде внатре атмосферата ја оцениме. Јас го разбирам и вашиот комодитет најголемиот дел, бедејќи е предлог на Влада и тоа е даден предлог, меѓутоа мислам дека некои ваши заеднички медитации, размислувања, предлози и идеи з а натамошно движење на овие процеси кои што се пред нас би биле од голема корист. Но, добро, така е, па ќе видиме натаму како што ќе оди. Бидејќи многу се кажа за принципиелните работи сакав некои поконкретни, така да кажам понепосредни аспекти да ги истакнам.

Прво, јас исто така ги поддржувам оние оценки што беа во глобала позитивно дадени за концептот но законот во смисла на негова поголема

конзистентното од досегашните правни норми што ги имавме оваа област во смисла на една доорганизираност која е порационална верувам дека ќе води кон тоа дека некои институти поблиску се одредуваат отколку што беа досега одредувани и дека некои механизми во самата оваа посебна област научна и наставна верувам ќе се одвиваат поуспешно. Јас сакам исто така да му укажам на предлагачот, односно на министерот со молба да се внимава на соодносот помеѓу делот и материјата што се решава на членот 13 и на членот 71 за да тие се доведат во склад во онаа смисла што основачот на високо школската установа додека на универзитетот да биде во содејство со усвојување на програмата и димензионирање на програмата. Мислам дека ќе настанат некои дисонантни ситуации ако оснивач на овие установи е собранието, а програмата ја донесува Владата а сепак Владата е компонирана како што е, како што и може да биде компонирана, не сега, мислам и во иднина во еден плурален систем, а сепак .. општ репрезент на целото општество во смисла на државна тоталност ја одразува собранието со својата целина. Па би молел околу тоа да се има во предвид. И кога веќе го спомнав членот 71 мислам дека има потреба кога се одредуваат условите како се формира високо школска установа да се види што се подразбира под јавниот интерес. Ние сме склони сега се повеќе да го идентификуваме тој поим со државниот интерес, а високо школска установа е сепак една институција која да кажам сублимира поширок интерес отколку што е само државниот . Тоа да може да биде интерес на граѓани кои на приватна основа со супсеции, односно со согласност можат да формираат итн. Така што би молел тоа да се види за да не дојдеме така да речам во некоја безизлезна состојба тогаш кога ќе треба да се решаваат некои конкретни работи само заради тоа што сме го дефинирале како основа за формирање на таква установа јавниот интерес.

VI/4.-

Второ што сакав да кажам при концепирањето на оваа матери ја мислам дека сепак ќе биде најдобро ако нашето (1оаѓалиште нашата појдовна основа бидат потребите и интересите и веќе создадените состојби при приодот и барањето на решенијата за разрешување на овој крупен проблем, особено да кажам сега во овој динамичен развој, во оваа транзициона ситуација и кога ќе се зголемат потребите за поголемо, подлабоко профилирање на образованиот систем и за квалитетно стекнување на знаењата кои што низ високите образовни институции ќе се стекнат. И сега ние зборуваме за еден феномен овде кој што ни е општествен, по мене, недостаток, а не недостаток на еден дел на популацијата на Македонија. И ќе испаѓа и од оваа седница се плашам дека само еден дел од претставниците политички на оваа заедница се заинтересирани за образовната состојба на оној дел на популацијата наша на нашата Република. Јас би сакал градењето на оваа институција при дефинирањето на потребите сегашни и идни да тргнеме од сегашната состојба со еден детален извештај и податоци за тоа каква ни е состојбата. Јас искрено да ви кажам не знам. Со високо образование каква ни е состојбата сред албанците, сред турците, почнувајќи се се разбира од македонците итн. По се изгледа дека тоа што може со око да се види податоци немаме точни нити статистичките податоци сега ова можат да го дадат колку се обидов да најдам диспропорциите се многу големи. Поголеми од состојбите во осковното и во средното образование. И сега се поставува прашање ако е вистина дека нема повеќе од еден ипол отсто албанци со високо образование во Македонија. А по се изгледа дека сигурно нема повеќе од два. Ако е точно тоа дека во друга слична јас верувам не знам може со мала разлика кај турците и другите популации. Ако е состојбата да кажеме кај македонците што е добро и треба да не радува тоа над 15% што треба да се провери што така изгледа ова по се ова. Тогаш останува нашата заедничка брига како сега да го премостиме

не за да го веднаш тоа идентификуваме да го постигнеме оти е невозможно, но да градиме механизми и услови кои што полека, постепено ќе го хармонизираат овој дисхармониите.

И одма ми се поставува прашање зар е тоа само мое прашање, и не на колегите што се тука и досега што зборуваа и оние што ќе зборуваат. Па тоа е обавезно, тоа е сигурно наш заеднички овој проблем на сите.

Прво затоа што со една такво задоцнување со една нерелевантна не малорелевантна популација, не зборам само за албанци него и за турци и за други, роми и други. Всушност ние ја намалуваме перспективно креативната и продуктивната моќ на Републиката. Како заеднички задатак на сите и потреба и задатак.

Второ, ги забавуваме процесите за наша вистинска и брза интеграција со современи цивилизациски процеси и во Европа и надвор и секаде каде што културата еве по пат на мислата на Гоце Делчев "сакаме да се натпреваруваме". Ние не можеме како единствена земја, хомогена земја, земја со разбираше меѓусебно да се интегрираме само со еден дел на нашето население надвор и само со еден дел да ја бараме креативноста и творечката моќ во Републиката. А со вакви состојби и проценти на високо образование, да бидеме свесни, за креативност високото образование е мериторно. Сите други делови се само подготовка, а за продуктивност можеме да зборуваме и за други облици на образование и други облици на дејства и труд . Според тоа, сакав да заклучам, побрз, поголем динамичен, односно поголема динамика во степенот на високото образование е витален интерес на албанците и другите кои што имаат низок таков степен. Меѓутоа, тоа не е само нивен интерес, тој е и општествен и државен интерес и интерес и на македонсккиот народ. Според тоа и ангажманот за ова постепено да се подобри не е само задача на албанците, односно на другите, туку е

дури би рекол сега пред се, барем во ова дури ги иновираме односите пред се на водечките сили на македонскиот народ на неговиот демократски потенцијал, на неговата интелектуална моќ и на неговата да кажам сега условно мисија овде како мнозински народ да ги спроведе по пат кој што обезбедува за сите граѓани побрза и посигурна перспектива.

Сега, пак уште во едно да бидам и конкретен и објективен. Историјата на процесите на образованието покажа и на македонскиот пример и од лично искуство тоа го знам, еклатантно го покажа дека динамичен процес на образование може да се обезбеди пред се на мајчин јазик. Како да сакаме услови да создадеме популацијата да биде толку податна, заинтересирана, подвижна особено да кажам за одредени состојби кога имаме се уште присутен конзервативизам и не многу барем според современите услови толку изразен интерес за образование воопшто, а посебно та високо тоа да може да се оствари во такви услови на друг јазик. Тоа е невозможно. Секое заостануваше сега одлагање на оваа проблематика ќе го правиме на друг јазик, а не на тој јазик дефакто објективно значи одење кон тоа да се сопре процесот на подинамична образование на ова население. А тоа последично ќе има последици за сите нас, пред се за нив, но и за сите други. Според тоа, и тоа треба да биде во фокусот на нашето заедничко размислување, не на нас само албанците, заедничко, сакаме ли побрзо.

Уште еден феномен ќе ви кажам, очекував дека некој од помладите ќе го каже тоа пред мене затоа што мислам дека тоа е важно. Ако е еден до два отсто образование на албанците во Македонија тогаш е на женскиот пол 0,10 отсто. И сега каков ни е културниот амбиент и така да кажам една подвижна, културна атмосфера ќе создадеме кај сите, па и за поголеми културни комуникации и други интеграции се додека ни е

жената таква како што ни е во голем дел. Сега да ви кажам сосема искрено, бидејќи сите сме овде одраснати луѓе и одговорни луѓе па според тоа нема и зошто да се имплифицираме веќе пред себе, бидејќи дојдовме во фаза барем во овој плурален живот да се кажат работите такви какви што се. За подинамично образование особено на високо ниво на женска младина од албанската националност не треба да се очекува тоа уште многу време ако не постои средиште каде што наставата се изведува на албански јазик и грото така да кажам студенти го сочинуваат албанци. Да не кажам, немојте да ми забележите но слободно да кажам, можеби исто би се случило и обратно. И македонското семејство се уште не е толку спремно ако тоа такво средиште биде каде што е популацијата, односно студентската популација таква да биде толку лежарна, еве детето нека оди, нека студира. Некои стеги уште држат и без образование тие стеги не можеме да ги надминеме, па според тоа обратен процес добиваме. Прво образование тогаш стегите паѓаат. Без образование тие не можат да се очекуваат.

И уште еден податок еве конкретен сега. Ова сега што се случува со Универзитетот во Тетово се навистина во зародиш и за што треба уште да се работи институционално итн., веќе податоците зборуваат дека скоро е процентот 50 на 50% машки и женски. Ова е само еден показ повеќе дека тоа е начин кој што значи инвестиција. долгорочна на многу страни и многу аспекти за сите. Бидејќи само со таква жена веќе осамосвестена, оспособена, подвижна, продуктивна, комуникативна интегрирана ние можеме да постигнеме и поголема хармонија во општеството.

Сакав уште некои работи да ги кажам и молам ќе се обидам да бидам јасен за да не бидам евентуално погрешно разбран.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Јазикот мислам дека е кажано јасно и отворено оти тоа средиште на високо образование на албански јазик кое се вика универзитет, не е албански универзитет. Е универзитет во кој наставата се изведува на албански јазик, но може и треба, јас тврдам, и на сите други јазици за кои таму или каде ќе биде, ќе се појави потреба, на македонски, турски и т.н. Самото име албански, сака да се каже дека тоа е гето затворено и т.н. И уште нешто да кажам, некој правници можеби нема да се согласат, но еве, со употреба на јазикот во нас- тавата на сите нивоа на образование, не се решава статусот правно државен на јазикот, се решава употреба на јазикот како граѓанско, човечко право во процесот на образованието. Така да сакам да ги симнам сите други стравувања дека со тоа се решава нешто што ја отуѓува. Републиката. Тоа не е никаде случај, ни во другите држави каде што го има тоа. Според тоа се две различни работи. Јас не тврдам дека кога ќе расправаме да кажеме еве како што беше за локалната само- управа и т.н., ние ќе расправаме и за озваничување на јазикот. Меѓутоа универзитетот и високото образование со тоа не треба да се меша. Тоа е употреба на јазикот и како човечко право за процесот на образование.

Да заклучам со следното: Мислам ние сега сме исправени пред еден историски момент, да се еден на процес почнат и озаконет во веќе во два закони, он да се заокружи во третиот закон. Мислам дека никој нема ни да не разбере, ни долгорочно тоа да ни го прими како политика која е конзистентна. Ако ние веќе го озаконивме образовното образование. Го озаконивме средното и сега мислиме дека тоа ќе значи

кој знае што ако биде и на високото образование. Тоа е еден циклус со кој се заокружува, но за тоа, како што рекоа некои колеги, треба сите да бидат отворени сите универзитетски центри, сите високи школи и да се стимулира понатаму ова квалитетно школување,па седно на кој јазик. Таму каде што се добива поголем квалитет, таму и да се иде.

Исто така, сакав да предложам, откако и овие мислења овде ќе се добијат предлагам Министерството на база на едно резиме од ова што ќе бидат мислења и од оваа дискусија овде, пред подготвување на втората фаза,или како ќе се рече, не знам дали ќе се оди на предлог ИЛЈ на нацрт закон, јас мислам дека би било подобро на нацрт закон да оди-ме, но ќесе согласам со тоа што ќе го каже поголемиот дел, да се направи една поширока консултација со интелектуалците од сите средини мислам пред се со универзитетите во Скопје, со пратениците, министрите со интелектуалци албанци за една консултација уште еднаш видат и мислењата и предлозите за да дојдеме до еден порационален предлог.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Навистина оваа тема е многу интересна и значајна, морам да кажам за нас пратениците албанци. Сигурно вие другите ќе имате стрпление, ако ништо друго барем да не сослушате. Можеби така ќе создадеме колку толку една клима да почне процесот на меѓусебно разбирање, комуницирање и решавање на проблемите, а особено во оваа сфера во која проблемот со високото школство на албански јазик е најакутен проблем, е проблем кој тежи најмногу на македонско - албанските односи во Македонија, но јас би рекол и пошироко. Сигурно и мојата дискусија ќе биде во насока на елаборирање на оправданоста за постоење на високо

школска институција на албански јазик бидејќи токму тука лежат најголемите неразбирања кога се работи за овој предлог на закон.

Сум на размислување дали да скратам нешто од мојата дискусија, бидејќи јас ќе опфатам дел од јавното мнение, македонско, по однос на ова прашање и наводните аргументи кои се нудат и се нудеа во временски период од една година и повеќе за оспорување на ваква институција на албански јазик.

Многу работи што претходните дискутанти ги изрекоа сигурно нема да ги повторам, но еве ќе почнам со она што го имам запишано, хронолошки и за Вас овде, но сигурно и за поширокта јавност која ја следи работата на парламентот.

Имајќи ја предвид актуелноста на прашањето на високото образование на албански јазик и сите..проблеми кои го пратат тоа до крај исполитизирано прашање од страна на актуелната власт, морам да ја изразам мојата длабока разочараност од решенијата предложени во текстот на овој закон.

Предлагачот на законот навистина нема смисла за простор и време. Имено се однесува како да ова прашање е нешто што се случува некаде далеку во запад. Да госпдоа, во запад, но на територијата на оваа држава.

Во мојата дискусија, пред се, ќе се осврнам натезите кои се лансираат во јавното мнение во македонското јазично подрачје, со цел за негирање на можноста за високо школство на албански јазик.

Анализирајќи ја во континуитет реакцијата на јавното мнение се доаѓа до заклучок дека постои консензус за отфлување на можноста за инсталирање на високо школска институција на албански јазик, без

исклучок од сите релевантни структури и асоцијации, со полн респект кон ретките индивидуални исклучоци.

Во оваа прилика треба да се истакне непобитниот факт дека средствата за јавно комуницирање на македонски јазик предначеле и ја водат битката за создавање на докрај негативна слика во македонското јавно мнение, кога е во прашање оваа институција , прогласувајќи ја како "фантом, така наречен илегален пара-универзитет" и што не друго, режимски докрај обоени гласила, својствени на 50-ет годишното комунистичко искуство. Аргументите кои се нудат на јавноста, со цел за остварување на потребата на албанците за високо школска институција на албански јазик, се движат во овие рамки, дека наводно се цели да се разреши статусот на некои интелектуалци од универзитетски ранг кои своите звања ги оствариле надвор од Македонија. Дека наводно мотивот е воведување на паралелен систем на образование надвор од единствениот систем и надвор од институциите н системот дека наводно е загорзива политичко - безбедносната состојба и ги нарушува меѓу етничките односи во државата и води кон конфликт меѓу двете најголеми етнички групи: македонската и албанската. Дека наводно, зошто треба да се разликуваме и да стварме јазични ѕидови, треба сите да учиме заедно на официјален јазик. Дека наводно тоа е дел на општо сценарио за албнизација на Македонија, дека наводно ова барање е во функција на создавање на еден исламистички образовен центар, во функција наисламскиот фундаментилизам во Балкан, дека тоа наводно би значело спроведување на косовски синдром во Македонија, дека со тоа албанците ќе се детонизираат, само изолираат односно дека ќе западнат во автоапархејд. дека наводно Македонија нема ;финансиски можности да го финансира и третиот Универзитет во Македонија и дека наводно не постои уставна и законска рамка. И најглавниот бисер е дека на албанците не треба да им се овозможи образување на високото

образование на албански јази, во духот на фамозната синтагма, позитивна образован дискриминација, со цел за инкорпорирање на албанците во унитарниот официјален македонски јазичен простор, преку официјалното јазично македонизирање.

Јас сигурно водам сметка и за вашето трпение, нема да ги елаборирам, од моја гледна точка сите овие наводни аргументи, но ќесе осврнам на неколку од нив.

Прво, ако се анализира актуелната регионализација на високошколските институции во Македонија, ќе доаѓаме до следните факти: На македонски јазик имаме два универзитета, во Скопје и во Битола. Згора на тоа имаме во Прилеп Економски факултет во Струмица Виша земјоделска школа во Охрид Туристички факултет, во Штипи Економски факултет и сега да не спомнувам, бидејќи можеби, во меѓувреме, нешто имате скратено, сигурно нешто друго ќе дододете. Но се поставува прашањето зошто во западниот дел на Македонија не е исталирана ни една високо школска институција во овие 50 години од постоење на државата Македонија. Дали некој пат го имате поставено ова прашање,па било тоа да е и на македонски јазик.

Имајќи ги предвид следните факти, регион со најголема густина на населението со над пола милион граѓани кои живеат на таа територија, незадоволниот степен на образованието на населението, особено на немакедонците и особено незадоволната состојба со еманципацијата на жената и патријархалниот менталитет во однос на образованието на жената, нејзиното вработување и друго. Сигурно и на Вас и на Нас сето тоа ни е јасно. Сигурно сето тоа било "добро намерно", имајќи ги пред вид сите овие факти.

VII/6.-

Понатаму тезата која најчесто се слуша во јавните гласила дека ако би се остварило високо - школска институција на албански јазик, тоа би значело паралелен систем на образование. Дали е тоа така? Сигурно дека не, бидејќи и таа високо - школска институција би работела по ситите план програми по кој работат и други високо -школски институции во Македонија. Во што е проблемот? Сигурно и Вие тоа го знаете а и на нас ни е јасно. Проблемот е само во јазикот на кој ќесе изведува нставата. Понатаму јас мислам дека има еден голем проблем кој е актуелен и со кој морате Вие да се соочите, а тоа е проблемот на инсттуционализирање на високо - школска институција на албански јазик. Клучот за таквото институционализирање е во Ваши раце господо. И на нас ни е јасно, но сигурно и на Вас дека институционализирањето на такви институции е без алтернатива, почнувајќи од кадровски, материјален и друг аспект. Па дали восоко - школска институција ја загрозува безбедноста на земјата. Јас сигурно немам коментар ЈВО негативна смисла на зборот. Би сакал да слушнам од некого дека навистина е така. Ако некој се плаши од образовани луѓе, од образување на кадри, навистина може да се констатира дека таквата констатација е анахрона на времето во кое ние живееме.

На тезата за фундаменталистички образовен систем би одговорил со прашањето. Дали потточките два универзитети во Македонија на македонски јазик се во функција на православниот панславизам. Сигурно не.

Тезата дека барањето ги надминува уставните и законските рампи, јас ќе одговорам со политички одговор. Дали господа ние ќе го менуваме Уставот и законите, или ќе го менуваме народот. Тие две алтернативи се. И сигурно ако зрело размислуваме и тогаш ќе одиме на варијантата на Уставот и законите,ако веќе и овие немаат таква рамка.

VII/7.-

Инаку јас не сум убеден дека има уставна односно законска основа постоењето на факултетот за педагошки кадри и теолошки факултет на албански јазик, што исто така се високо школски институции, а универзитетот бил надвор од уставот и законите. И таму се просветуваат даскали и теолози. Свадите господа, ние немаме потреба само од даскали и теолози. Имаме потреба и од сите други профили што ги бара општествениот живот, општествено - економскиот развој. Со таквите аргументи и таквите решенија ќе доаѓаме во една ситуација да ние после кратко време имаме голем вишок на даскали и теолози, а пак да имаме голем кусок на другите професии. Јас мислам дека ние како држава мораме да водиме сметка за таа работа.

Понатаму кога се работи за дозите, да кажам, кога се албанците во прашање,од аспект на регистрирање односно упис на постоечките универзитети на македонски јазик, тие дози секој пат биле 1%, 2, 3 и се движеле во тие рамки. Но, дозволете дна паралела .Кога се работи за војната обврска, воените книшки стојат на располагање на сите млади луѓе во Македонија без разлика на националната припаднсот .Значи тука немаме дози. А кога се работи за образование,тогаш имаме дози. Дали треба коментар за оваа работа. Сигурно дека не треба.

Понатаму кога се работи за една теза која често пати се лансира од аспект на негирање на оваа потреба, дека наводно ваква институција би значела албанизизација на Македонија, гетонизација на албанци, воведување на косовски синдром и што не друго. Јас мислам дека на сите нас треба да ни биде јасно една работа. Македонија е албанска колку што има албанци во неа, а сходно на тој критериум таа е македонска, турска и на другите. Но, во што е проблемот? Проблемот е во квалитетот. Денес Македонија од аспект на квалитет има сам

македонска арома. Токму постоење на таква високо - школска институција би значело трансформација на квантитетот во толку потребниот квалитет, без кој квалитет, можам слободно да кажам дека албанците во Македонија нема да имаат перспектива и сигурно нема да бидат во исти бранови со модерните развојни тенденции, со кои целиме сите да одиме кон тој Запад, Европа, Америка и т.н.

Што се однесува до така наречено гетоинизирање, автоаперхејд и т.н. Причините треба да ги бараме господа, а причините се во постоечката власт, и во досегашните власти во Македонија. Дајте да ги отстраниме причините, бидејќи ако немам сигурна дијагноза сигурно и терапијата ќе биде погрешна. Може да ни се случи и тоа, терапијата да биде успешна , а пациентот да е мртов после.

Понатаму, кога се работи за оваа тема која сигурно и Вие ја знаете и ние ја знаеме е поврзана со постоењето и дејствувањето на Битолскиот универзитет. Тетовскиот универзитет е реалност, господа. Тој како институција секој ден расте со својата многубројна армија, студенти и професори. Пред таа реалност ја имате историската одговорност да не ги затворите очите, бидејќи ризикувате да бидете екселератори на малигната болест во македонско а албанските односи. Немата право да бидете против универзитет на албански јазик,бидејќи тогаш како ќе ги оправдате двата постоечки универзитети на македонски јазик.

Инсталирањето на универзитет на албански јазик е единствениот јазик на градење на довербата меѓу луѓето и народите односно за градење на таа фамозна лојалност на албанските граѓани односно албанскиот народ кон институциите на државата Македонија. Ако после 50 години два универзитета во Македонија на македонски јазик не се вишок, како може после 50 годишно заостанување на албанците во однос на македонците во сите сфери, еден универзитет на албански јазик да биде вишок од аспект на финансирање, од аспект на произведување на пари.

VIII/1.- СЈ/ЉР

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Во актот на основање на Тетовскиот универзитет стојат фирмите на сите албански репрезенти почнувајќи преку пратениците на овој Парламент, претседателите на општините Тетово, Гостивар, Дебар сите албански одборници во Македонија односно тој проект е резултат на пребисцитарно изразената волја на албанците во Македонија за образование во висококошколска институција на албански јазик. Во вашата свест и совест лежи големата шанса за премостување на оваа состојба со стварање на институционална рамка за легализација на Тетовскиот универзитет во образовниот систем на Македонија.

Во оваа смисла очекувам да при наредните фази на разгледување на овој закон навистина сериозно да се размислува во оваа смисла и еднаш да се стави точка во позитивна смисла на решавање на образовните потреби на албанците преку Министерството за образование, а не како што беше практика преку Министерството за внатрешни работи.

Сфатете г-до дека тоа не е решение дека тоа само ќе ствара проблеми и дека навистина тензијата која објективно постои во овие меѓусебни односи еднаш за секогаш треба да ја релаксираме со позитивни проекти во која албанците ќе се најдат себеси. А, мислам дека образованието е токму најпогодниот проект.

- Благодарам,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе направиме пауза до 16,00 часот, и молам тогаш овде да биде и Владата обезбедена, доволно присутна за да можеме кога ќе ја завршиме расправата, изјаснувањето по ова, да минеме на пратенички прашања.

(Паузата започна во 14,35 часот).

VIII/2.-

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,20 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г-дин Панче Минов

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Тргнувајќи од фактот дека расправаме за Законот за високо образование во првата фаза, предлог за донесување, најнапред треба во дискусиите да се осврниме на тоа дали се исполнети причините за донесување на овој закон. Мое оценување е дека причините сево толкава мера и во целост се исполнети што навистина нема причина овој закон да не се донесе и понатаму да се одложува, дури напротив донесувањето на овој закон фактички значи причина и тоа квалитетна причина подобро квалитетно да се уредат односите во оваа област на високото образование и со тоа една законска регулатива за надминување на сега таму присутните проблеми.

Согласен сум исто така и со основните начела врз кој се заснива предлогот за донесување на законот за високо образование, пред се неговата заснованост на достапноста на високото образование на секого и под еднакви услови, утврдувањето на автономноста на установите од високото образование, понатаму учеството во управувањето на органите на управување во институтите на високото образование врз база на принципите на стручност и компетентност, понатаму финансирањето на високото образование од Републичкиот буџет како јавен интерес и неговата квалификуваност во наставно научниот кадар да се инсистира на квалитет и селективност.

Овие основни начела и принципи се доста успешно утврдени и во содржината поместена во одредбите на членовите од законот и во таа содржина начелно зборувајќи мислам дека се добри решенија и ќе

придонес за развој и модернизирање на високообразовната дејност одредбите кои упатуваат на регулираност на автономијата на високо-образовните институти како Универзитетот, така и другите високо образовни установи. Овде е неодмерлив и коментарот што беше спомнат и во претходните дискусии, а тоа е коментарот за давање и афирмирање на јавниот интерес во третирањето на високото образование.

Ова посебно го поздравувам затоа што со ваквиот третман на високообразовната дејност како јавен интерес фактички се постигнува државно правен статус на институциите и установните од високото образование, што за мене е многу битно и што дава одговор на многу други прашања кои беа и овде искажани од претходните дискутанти.

Исто така, за посебно потенцирање е и фактот што основачкото право како на Универзитетот, така и на установите од високото образование е лоцирано на Собранието на РМ под утврдена постапка и под исто така утврдени услови за основање како на Универзитет, така и други установи од високото образование што сметам дека исто така е еден голем квалитет и имовина во регулирањето на односите во областа на високото образование неограничувајќи ги можностите и други правни или физички субјекти како и странски универзитети да вршат односно да основаат и да вршат висока образовна дејност во РМ како и вложување на капитал во истите.

Јас посебно сакам да се осврнам на делот на поглавјата што се однесуваат н а проблематиката и прашањата во врска со студентите. Најнапред во односот на уписот. Факт е дека досега на постапката на проблемите и на резултатите од уписот беа присутни доста забелешки да не кажам и реакции на незадоволство од субјектите кои што се и баратели за упис на студии.

VIII/4.-

Одредбата во предлогот за донесување на законот за високо образование кое го регулира ова прашање мислам дека е една добра рамка, но како рамка и добар предмет за осмислување во спроведувањето на законот што ќе значи и надминување на сите фактори и причинители кои даваат засега простор за да се случуваат, да не речам појавуваат одредени слабости во делот на уписите на студенти. Најмногу ова го алудирам во делот на проверката на тестирањето за упис на студенти. Добро решение е во согласност со моментот на општествено политичкиот живот кај нас одлуката за одредување од страна на Владата за бројот на студенти што ќе бидат финансирање од Републиката. Инаку, посебно го поздравувам, воведувањето на еден институт, досега овде не беше истакнат, една новина која што лично знам дека ја има во праксата на функционирање на другите универзитети, тоа е институтот на континуирана проверка на знаењето што како новина сметам дека квалитетно ќе придонесе за многу пореално оценување на резултатите од проверката на знаењето на студентите и ќе придонеси за поактивен однос меѓу професорите и студентите.

Во членот 43 предложена е алтернатива и лично се определува! не за основното решение, тоа е одредбата која го регулира прашањето за упис во наредната година, моја определба е да се либерализира условите за упис во наредната година односно да со минус два испити да се дава право за упис во наредната година до февруарска сесија наредна календарска година да се ликвидира бројот на испитите.

Во управувањето во органите на Универзитетот и на високо-образовните установи учеството и партиципацијата на учениците е предвидена на ниво на Универзитет на универзитетската управа,а на ниво на факултети на наставно научните совети.

Наредна одредба во ова поглавје укажува на можност дека може да се основа совет на студенти. Јас определувам, мојот предлог е таа можност да биде обврска односно обврзаност за формирање на совет на студенти кој ќе биде гаранција, за поквалитетно учество на студентите во напред спомнатите органи на управување што сметам дека несе коси со основните начела кажани во самиот предлог за донесување на закон за стручност и компетентност.

- Благодарам:

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо,

Добро забележавте денеска од пратениците албанци како да скокнаа од жар на говорница и ова е една добра поука да се сфати дека се работи за еден навистина проблем кој загрижува т.е. високото образование. Закон очекуван со голема значителниост и внатре во РМ и надвор од разни мисионери кој доаѓаат во РМ. Понекогаш во последно време правам и шеги кои се горчливи, но ги правам. Зарем се случува и тоа во Кабинетите на Владата на РМ кога се пишуваат закони кои третираат и прашања на албанците како да стои некој знак некаде настрана, внимание, внимание, пази во концептот на тој закон затоа што тој концепт треба да поминува само покрај албанците, а не треба да ја опфати суштината на проблемот. Законот во неколку варијанти од Министерството за образование и физичка култура добро беше расправано во Владата, па потоа на Универзитетот во Скопје и пак се врати. Навистина добро е што Владата на РМ имаше почит кон умот на својата нација и добро е кога е почитува умот на една нација, меѓутоа уште подобро е ако имаме разбирање кон другите колеги кои не се македонци а и тие имаат еден почит и респект кон умот на својата нација.

VIII/6.-

Од основните забелешки од Скопскиот Универзитет конкуренција не, автономија да. Со автономија да, параван кој одлично е договорен се чини и на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, што помалку албанци, студенти да се запишуваат на овој универзитет. Бројката кажува некогаш 309 на 7.000 и нешто: Од која максимално е употребена на самите факултети, на самиот Универзитет, уште повеќе е злоупотребена со разговорите кои се обавени со други мисионери или дојдени во РМ.

Дали можеме ние да дозволиме еден монопол на постоените Универзитети. Мислам дека не затоа што барем така ми кажуваат можеби не сум од тој ранг на универзитетски професори, во западните земји некаде околу 70 - 80% универзитетите се приватни и таму не се фетишизира толку тоа универзитет и смак на светот, универзитет, се создаваа услови кадар, студенти и сето тоа е во нормални рамки. Кај нас кога ќе се спомне универзитет и готово, веќе не фака некоја грозница што навистина претеруваме. Дури може понекогаш и ненормално да се однесуваме.

Основни начела на кој се засновува законот.

IX/1.-ЛП/МЛ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Една од тие е:"достапност на високото образование за секого и под еднакви услови". Јас ви велам дека добро е напишано, меѓутоа, не е така. Зошто? Во Скопскиот и Битолскиот универзитет, повеќе во Скопскиот, кога конкурираа студенти на тие приемни или квалификациони испити, во самиот старт тие не се рамноправни при конкуренција. Се прашувате зошто. Сега можам да се присетам, пред две години напишавме еден текст со господинот Превала, јас образовниот текст и господинот Превала економскиот и уште тогаш укажавме на едно. Кога конкурираат двајца студенти, да речеме, македонец и албанец на Скопскиот универзитет, на приемниот испит еден стартува со македонски јазик и литература слушал во средно образование 4-5 часа неделно и студент кој слушал македонски јазик само два часа неделно, албанец и на многу факултети полагаат предмет Македонски јазик и литература, плус што не му е мајчин јазик и нормално испаѓа, со една реченица ќе кажеме, па не се подготвени добро студентите односно учениците албанци. И некаде ќе се најдат на дното, каде што ќе интервенираме со квота, а во таа квота се и сешто се прави, дури ми е срам да спомнам што се прави - се менуваат идентитети, нации итн.

Во поглавјето Основни одредби, член 9, член кој и мене ме заглавува сега, затоа што продуцира проблеми, сакаме или не сакаме, со политичка димензија. Сериозно тоа ме загрижува. Зошто? Затоа што првиот став, во првиот став пишува: "Високообразовната дејност се остварува на македонски јазик" и после се права реченици, се додаваат други ставови и еден став вели вака: "Наставата за одделни наставни предмети може да се изведува и на јазици- те на националностите заради негување и развивање на културниот и националниот идентитет". Јас се прашувам, дами и господо, зарем ние Албанците сме во тој

стадиум на развивање како нација во Република Македонија што ете државата се грижи, и тоа добро се грижи да не го губиме ние културниот идентитет, јазичниот идентитет итн. Јас мислам дека ова е проѕирна демагогија. После 50 години, значи ние пак расправаме во државата, односно расправаме за закони каде што постои опасност да не го губат Албанците својот идентитет во Република Македонија. Зошто не сме реални до крај? Оваа Република Македонија тој сооднос - не сакам во никој случај во вас да поттикнам одбивање меѓутоа, реално е тоа што го кажувам сега - однос големо малцинство и мало мнозинство. И во едни вакви односи да се грижиш за културниот идентитет, и тоа со големо внимание, и со многу закони тоа го правиме, не само со овој закон. Да се грижи за културниот идентитет на една нација која имаше во Република Македонија Педагошка академија со пет-шест групи, со 600-700 студенти едно време, Катедра за албански јазик, а сега идентитетот ни бил во прашање, па дај тоа да го ставиме во закон. Не, господа. Самиот развиток бара нешто друго, нешто повеќе, нешто повеќе. А тоа нешто повеќе денес е реалност, чиста реалност, дефакто. Како квалитетно право постои? Дефакто веќе се создава универзитет во Тетово и ние тука, како да сакаме, многу лесно да преминеме преку тоа и државници и политичари и интелектуалци, ама не се поминува преку тоа така лесно, затоа што тоа веќе не е забава, не е роденденска забава. Тука се во прашање 1200 студенти, 150 интелектуалци. Што прават тие? Учат, студираат. И каков ќе биде нашиот однос? Каков? Уш- те повеќе апсурди ни се јавуваат. Во Тетово не може да се студира на албански јазик, во Тирана може. Дали вие знаете дека скоро 150 студенти од Република Македонија, Албанци се запишани во Тирана. Прва година, некаде околу 60 0 студенти од 1до IV година сега се во Тирана, а не може тука. 600 студенти се запишуваат во Тетово. Што значи ова? Дали ова значи дека

ние не треба да водиме никаква грижа и не треба да создаваме законски рамки, за да се институционализира сето тоа што е потреба, што е динамика на времето за студирање, за учење итн. Што бараме ние? Сите претходни дискутанти бараат да се отвори дијалог. И ние денес токму тоа го правиме како пратеници, отвораме дијалог без никаква агресивност за взаемно почитување за една потреба која веќе е како реалност. На двата универзитети со настава на македонски јазик 2394 професори, 1008 доктори на науки, 522 магистри, 469 специјалисти, не знам колку ќе ме - морате да ми верувате, бројки кои ме фасцинираат. Но, господа, прилично, мислам до некаде треба и вас да ве фасцинираат исто така бројките кои се некаде до овие, Академијата на науките и уметностите спомна еден мој колега таму ниеден, ниеден член на таа Академија на науки и уметности албанец во Република Македонија. Академија на науки во Тирана, Академија на науки во Приштина. Сега испаѓа како Албанците во Република Македонија не се толку интелигентни и во овие простори никако не може да има академик во Македонија албанец. Дајте една анализа што е сега во прашање, каде се пречките, во години како хронологија историска да се вратиме итн. Што е во прашање сега? Јас не им завидувам многу односно не се фасцинирам од некои интелектуалци, дури и Македонци и Албанци, откако не се согласуваа со ништо и на крајот цитатот го завршуваат со едно големо само викање "македонско име нема да загине" или албанец "албанското име нема да загине". Такво нешто веќе не ме импресионира, навистина не ме импресионира. Што има потреба да се каже тоа кога имаш нација со Академија на науки. Зарем толку дами и господа се заборави во вашиот содржавјанин албанец во Република Македонија? Зарем и понатаму пред нас ќе гледаме еден статичен телоп дека албанецот не може да биде интелектуалец и такви кајрони ќе гледаме само пред себе.

Еве ви прилика, време. Зошто димензии политички даваме таму каде што не треба? Радикализам, па се сонува нешто итн. Немојте, ве молам. Асоцираме, се асоцираме во сите европски институции, партнерство, Европски Совет, ОБСЕ итн. Ние не можеме сега да заостануваме таму. Прешалтување на нашиот ум мора, на нашиот памет.

Уште еднаш, жал ми е што заглавив во член 9 од овој закон и понатаму не можам да дадам повеќе сугестии како треба да изгледа овој закон. Морам да ви кажам, имаше една верзија за основање универзитет на закон и таму некои одредби беа понапредни, затоа што сепак овозможија полесно, а не толку концесии да се бараат за да се основа еден приватен да речеме универзитет.

Во членот 43 алтернативата ми е поприфатлива, студентите што партиципираат да не бидат изложени на дополнителни трошоци, мислам тие кои треба да запишуваат година, наредна година малку подоцна. Наставните планови: мора да се најде одредба за придржување на тие наставни планови, затоа што имаме едни информации, дај боже нека бидат дезинформации, дека одредени професори во овој универзитет во Скопје ги злоупотребуваат нивните предавања и понекогаш кон тој мал број студенти се однесуваат крајно некоректно. Јас сепак не одам со имиња. но има име и презиме на професор кој се однесува така.

Почитувани мои колеги, најтешкиот дијалог се води и ќе се води со политичари и интелектуалци кои се заробени од минатото. Образованието нема да биде политички проблем само тогаш кога ќе го има во доволна мера за сите граѓани во Република Македонија на нивниот мајчин јазик. Дури и за другите националности треба да имаме квалитетно право за да можат да се образуваат и да формираат институции за високо образование тогаш кога во редовите на нивната нација ќе се создадат услови, кадровски, студенти итн. за да го

искористат тоа право. Се надевам дека сите овие наши сугестии, сите овие наши настапи ќе поттикнат само на едно добро размислување, да се отвори, навистина да се отвори дијалог затоа што од тоа сите добиваме на крајот во втората фаза кога ќе дојде законот, ќе имаме закон кој навистина ќе задоволува и ќе ни овозможи да можеме многу полесно да се интегрираме во сите овие процеси за кои веќе не само декларативно туку треба да се спремаме.

На крајот, можеби е непристојно, но ќе кажам: Кој не се интегрира во овие процеси, да кажам или не, ќе му се расплаче мајката. Лошо ќе биде. Добро е што имаме ваква ориентација европска, јас сум секогаш се повеќе убеден во тоа дека сите, ама баш сите тргнавме на една ориентација која гарантира перспектива за сите нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Александар Јакимовски.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, поради застареноста и несоодветноста на одредбите на Законот за насочено образование има потреба од нов закон за високо образование во Република Македонија, закон кој ќе овозможи регулирање на состојбите и прашањата во областа на највисокиот степен на образованието, во согласност со денешните потреби на стопанските и општествените дејности. Високото образование да може да се трансформира така да би-де во состојба да образува квалитетни кадри со високо образование, кои ќе бидат во состојба да ги задоволат потребите на сите сегменти во општеството. Според тоа, има потреба од донесување на овој закон, што побрзо, односно наредната фаза да биде Предлог на закон за високо образование. Ми се чини дека овој закон требаше да биде донесен

паралелно со донесувањето на Законот за основното и средното образование.

Што се однесува до дилемата околу насловот на законот, јас сум приврзаник кон мислењето Закон за високо образование, како што стои во Предлогот за донесување на законот. По Законот за основното и Законот за средното образование, природно и логично е да стои и да следи закон за високо образование. Второ, сметам дека овој понуден наслов ги пофаќа сите високообразовни институции и установи, а не само членките на Универзитетот. Ако одиме по оваа теза, треба да имаме повеќе закони во сферата на високото образование, закон за универзитет, закон за уметничка академија, закон за високи школи и н.

Од овие причини, еден закон за високо образование може несоодветно и најцелесообразно да ги регулира прашањата од сферата на високото образование.

Во поглавјето IV каде се зборува за студенти би го рекол следното: Во членот 34 стои за запишувањето на високото образование и се одредени конкурсните услови, бројот на студентите по одделни студии, што е вред, начин на проверка на знаењето во однос на способностите и другите услови. На ова пред се би се задржал малку повеќе, околу начинот на проверката на знаењето, односно способностите.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Од наведеното во член 34 децидно се забележува дека и новиот закон предвидува проверка на знаењето односно спроведување на приемни испити за запишување на високото образование. Овие приемни испити не може и не смееме да ги гледаме одвоено од матурските испити во средното образование па и воопшто од постигнатиот резултат во средното образование. Високото и средното образование и на еден ист закон, закон за насочено образование многу малку овие два степена на образование имаат контакти и соработка по повеќе прашања од воспитно образовната дејност. Од сега со донесувањето на два посебни закони за овие два степена на образование да очекуваме поголема соработка и по однос и по поврзаност како и околу приемниот испит на факултетите и матурата во средното образование така и во врска со едукацијата и трансформацијата на наставниот кадар во средното образование како и другите прашања заеднички од интерес за општеството. Поконкретно, завршените ученици во средното образование кои имаат намера да станат студенти, во текот на јуни треба да совладуваат неколку тешки испити и тоа завршување на IV клас со што повисок успех, успешно полагање на матурскиот испит, на приемниот испит на високото образование и на крајот доколку се совладаат овие препреки, овие испити, останува најважното да се довие што повисок просек односно ранг листа и да може да се влезе во високото образование.

Паралелно со учениците, идните студенти, напоредно полагаат испити и нивните родители. Од овие причини има потреба средното образование и високото да се договорат овие испити да бидат поефикасни и порационални и со помалку трауми, мислам на матурските

испити. Јас размислувам за овие матурски испити, кои станаа законска обврска и сметам дека тоа добро го направивме, да преставуваат влез во високото образование. Ако не направо, барем резултатите од овие матурски испити да бидат валоризирани, да бидат земени во предвид при одредување на бодовите за вреднување на средното образование. На тој начин ќе имаме поголема мотивација на средношколците за одредени области и предмети. Меѓутоа, во практиката ми се чини дека матурските испити повеќе се формални и ако ученикот се одреди да оди на математика, кој ќе го полага оној предмет што е најлесен, кој се учи најмалку во средното образование. Од овие причини ако матурскиот испит биде во функција на високото образование, оние предмети кои ученикот ги полага на матурскиот испит би требало да му се признаат на приемните испит на факултетот и да се вреднува со одреден број на бодови.

Од овие причини предлагам член 34 да се проучи сестрано и да се изјанде посоодветно и поприфатливо решение, а проверката на знаењето при запишувањето на прва година на студентите да биде поврзано со овој испит.

На член 43 и неколку претходни дискутанти се произнесоа сум за втората алтернатива која овозможува запишување на наредната година во февруари, меѓутоа, оваа алтернатива може да има и негативности затоа што студентот додека ги подготвува овие испити, ако се тие 2 на пример, ќе ја занемари 11-та година и испитите од 11-та година не ќе може навреме да ги положи. Меѓутоа, може да има и одредени вредности, па од тие причини сметам дека може да се дозволи такво полагање односно запишување во исклучителни случаи. Може да има разни субјективни, објективни причини, студентот да не ги ликвидира испитите во ноемврискиот испитен рок.

Како прашање кое е во ингеренција на високото образование, а сметам дека е од голем интерес за средното образование, образованието и репродукцијата на кадри за основното и средно образование, а тоа образование да биде со солидна методско - педагошка подготовка и оспособени кадри за 2 па и повеќе предмети. До сега беше практика студентот да биде оспособен само за еден наставен предмет, меѓутоа, во практиката многу пати се случува да биде несоодветен за повеќе предмети па од тие причини на некои факултети има ваква појава, а потребно е да има и на другите факултети.

Во наредните години во времето на трансформацијата на образованието, високото образование заедно со Педагошкиот завод треба да дадат голем придонес во оспособување и создавање на современ наставен кадар. Тука мислам на педагошките факултети и другите факултети кои образуваат наставен кадар не само на новосоздадени кадри, туку исто така ќе треба голема помош од овие 2 институции и во трансформацијата на постоечкиот наставен кадар и оспособување за нова наставна технологија која е зацртана со новите закони за овие два степена на образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,потребата за нов закон за високо образование постои од поодамна. За секој оптимист, прогресист, сонувач животот е поубав од смртта, ним и напредувањето им изгледа подобро од траењето и замирањето, растежот го сакаат повеќе од редукцијата затоа секој човек и секое општество ужива во

длабокото есенцијално и широко егзистенцијално Значење на науката, образованието и на универзитетот во современата доба. Ни една институција не е иста, онаква каква беше на почетокот на овој општ бурен и критичен период, до пред некое кусо или историско време. Акцентите на значењето се поместуваат, меѓутоа ништо од современиот свет не ги урива науката, образованието и универзитетот туку се во него нив ги унапредува. Во овој контекст тие заземаат блескава позиција на се позначајни човекови дејности и сите согледувања укажуваат дека нивната потреба, значење и углед натаму се повеќе расте.

Перспективата и развојот на науката, образованието и на универзитетот се обезбедени веќе заради нужноста да стигнеме таму каде што се наоѓаат развиените општества, а во поглед на оние дејности и нивните институции ние сме најмалку половина век назад во однос на поразвиените.

Реалистичкиот поглед на развојот на светот, на модерниот свет јасно и недвосмислено покажуваат дека нема општество кое напредувало и пред почетокот на големиот развој сигурно да не развило свест за наука, експанзија на образованието, подем на свој универзитет. Впрочем, во денешно време без оние три нови божици на убавината нема никаков развој или нема квалитетен долгорочен и долготраен процес на општеството во целост. Идните согледувања кој денес се погодок на човечкото мислење и на човечкиот однос спрема светот и неговите противречности и тенденции, основа на очекувањата и на политичките ориентации укажуваат дека први подвижници на догледно човечко постоење, па и на она што ќе се одвива зад сегашниот се дострелите на науката и на високото образование и нивното следство во високо образовната дејност. Тие така било отсекогаш, откако човекот

стапнал на патеката на цивилизацијата, но денес тие се единствените цивилизациски бранови кои директно се дојдени од иднината. Ние Албанците речиси немаме друга надеж, како и другите народи дека во претстојните времиња ќе се развива, ако тоа науката не го обезбеди, а образованието не ги подготви нашите наследници за тие сознанија, за тој живот и неговите функции. Науката образованието и универзитетот се толку потребни и во сегашната и во непосредната утрешнина, затоа што техниката, технологијата и сложената структура на своевремената економија никого во светот не го ослободуваат да биде незаинтересиран спрема научните сознанија и развој и да не бара најдобри едукациони патишта за валоризација на своите човечки ресурси освен оние кои заради социјално историско заблудување се неодговорни за своето постоење, или во социјалниот садомозахизам себеси најрадосно си ја гледаат како модерни работи.

Ние сме сиромашни, тоа можеме да го надополниме само со ум и знаење. Народот на кој припаѓаме, партиската определеност и програма се ориентација кон Европа за отворено општество, за комплементарен развој со современиот свет што прво претпоставува високи општествено - организациони квалитети, а тие во денешно време се синоними за науката, високото образование и за универзитетот во Тетово, за еден универзитет какви се и другите два во РМ. Посебен оправдувачки или подобро охрабрувачки аспект за оваа апологија на науката, образованието и на универзитетот се општествена димензија на општеството во РМ. Тоа треба да полага многу надеж во ова време за свој моралитет, објективност и непристрасност. Крајниот неприкосновен доказ за научно - образовната потреба на современите општества е личната димензија на секој денешен човек, неодминлив дел во

сериозните општества и впрочем еминентен дел на современиот живот. Високото образование е дел од животот. Едно од најголемите современи и идни човечки животни реалности. Универзитетите Скопје, Битола и Тетово да се престројат според барањата и условите на времето да ги следат и да ги артикулираат, а и самите да ги унапредуваат отворените настојувања, да ја афирмираат новата економска логика на општеството со својата економска реформа и модернизација, да се реорганизираат во духот на универзитетската економија, да ги преземат одговорноста на своите сложени и тешки научно високи образовни задачи, да ги бараат отворено организирано, заеднички своите права, но и да ги исполнуваат своите должности без тоа некој посебно да им го бара.

Уверен сум во можностите на македонското општество и на стручњаците од Македонија од било која припадност да извршат корекции во законот. Македонија може само да добие и да ги пронајдат најдобрите и нужните решенија. Затоа високото образование е задача од која никој не може да се ослободи. Дотолку повеќе што постои директна корекција меѓу квалитетот и развојот на општеството, доколку што општеството се стреми кон развиток и треба јасно да се знае дека според теоријата на системите стагнацијата на едни во мултинационално општество води во деканденција и пропаѓање. Меѓутоа, без оглед што ќе се направи и по кој пат ќе се тргне универзитетите во Скопје, Битола и Тетово никој не може да ги ослободи од обврската да обезбедуваат наука, да напредуваат, да обезбедуваат знаење, да се поникнува и да бидат најсовремени, да обезбедуваат добро, брзо и ефикасно образование во нив, да се обезбедува добра заштита на своите студенти, да обезбедува презентирање и користење на резултатите од

неговата дејност и во нашето општество и во сето општество, да обезбедува добар живот и напредување на неговите вработени и добри односи меѓу нив. А посебно универзитетот во Тетово не може да замиже. Тоа се нешта кои тој мора да ги остварува и унапредува. Само отворен тој може денес соодветно да ја остварува високата научна образовна, културна, социјална, национална и човечка мисија.

Подготвителната работна верзија на предлогот на законот за високо образование не донесе ни едно значајно модерно, вистински корисно и употребливо решение. Проблемот е суштествен. Можно ли е да не се донесе добар модерен закон за високо образование, односно да се предложи закон за високо образование и евентуално таков закон да се усвои кој историски и идејно ќе заостанува од општествените и цивилизациските текови. Нужно е иднината да не се остава на фаталноста, туку д се создава. Ние да ја создаваме иднината. Универзитетот во Тетово е неопходен, но соодветно квалитетен и одлично организиран и истовремено е наше задолжение тој да биде класично и младешки модерно концептиран и не тајно, туку јавно, отворен, замислен и комодиран. Затоа универзитетот во Тетово нужно може да биде согледуван врз реалните состојби на нашето битие, на положбата, карактеристиките и задачите и потребите на можните и реални насоки на нивното остварување во духот на современоста. Ако на некој му е сеедно што се случува со универзитетот во Тетово, или е насочен кон назадување, или тргнал кон пропаѓање тој универзитет за нас Албанците, тој проект е гледаме за наш прогрес и успех воопшто. И тој е интерес за пошироката заедница на РМ.

Универзитетот во Тетово е наш трет универзитет во РМ, покрај Скопскиот и Битолскиот, само истиот со една разлика што на истиот наставно воспитниот процес се изведува на албански јазик. Програмите се исти, евиденцијата и јазикот исто така се презентираат во јазично, на македонски и албански и сета организираност се прави со наставните програми на високо- образовните институции што денеска во Македонија постојат. Тој на нас и на нашите деца ќе ни даде добро образование, ќе ни посочи високи филозофски научни педагошки цели и ќе не научи за висока смисла на животот. Затоа универзитетот во Тетово треба да биде најдобар, наша културна гордост, уверени дека има општествена економска и национална потреба од тоа. Дека има историска шанса за тоа и дека има кадри способни, заинтересирани за тоа да го остварат во практиката. И покрај тоа што многу сенки сакаат да го затскријат универзитетот во Тетово, од многу причини јас гледам дека во ткивото на Македонија расте и третиот нов отворен универзитет во Тетово.

Господине претседателе, дами и господо пратеници, новонастаните состојби, ситуации и едукативни тенденции за високо образование и оспособување на студентите за живот претставува облигации на современото општество и современите барања и тенденции во воспитанието и образованието. Високото образование има сложена задача. Таа и по форма и по содржина треба да трпи значајни квалитетни и квантитативни промени. За да биде тоа високото образование треба да има своја законска рамка која треба да биде демократски фундирана при што априори се претпоставува целината на општественото живеење. Проширувањето и унапредувањето на животната средина, духовно збогатување и на личноста на студентот,

хуманизација на тие односи, антиципација на промените, транзициите во овој период во кој живееме. Сите граѓани во РМ без разлика на верска припадност, од овие причини законот за високо образование треба да претставува рамковна основа за квалитетно менување на поставеноста и функционирањето на делот од системот, а тоа е високото образование кое треба да има влијание врз општествените преобразби од една страна и натамошното унапредување и преобразуваве на функциите на воспитанието и образованието во овој дел на образовниот систем.

Од овој аспект, а имајќи ја предвид демократската определба на општеството очекував далеку посовремен модерен закон за надминување на традиционалните решенија во смисла на осовременување на положбата и позицијата на студентот и професорот во високото образование. Редефинирање на целта и задачата на воспитанието и образованието. Начинот на унапредување и оценување на студентите, можноста со закон да се растовари студентот итн. Порастот на вкупното, општото ниво на образование помага демократизацијата на образовната дејност и односите во високо-образовната дејност и односите во високошколските установи и создавање циклуси на високото образование. Јас сум свесен дека сите овде фактори предизвикуваа квалитативни, и структурални промени, но кон тоа мора да одиме и законот треба нив да ги антиципира. Бидејќи се работи за значаен закон кој моментално регулира основни односи и состојби во високото образование каде се опфатени само двата универзитета, каде што делуваат вкупно 32 високо образовни организации, од кои 25 факултети, 2 интередисциплинарни студии и 5 виши школи на двата универзитета во учебната 1994-95 година се запишани вкупно 29,057 студенти од кои 23.261 редовни студенти.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

За разлика за учебната 1985/86 година околу 20% од вкупниот број на студенти се запишани ланската година. На прва година студии годишно се запишуваат 7200 студенти од кои само и во учебната 1994/95 година само 300 беа од албанска националност. Вкупниот број на наставници и соработници изнесува 2394 од кои 1217 наставници и 1177 соработници од кои 99% се сите македонци.

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во Република Македонија во високообразовната дејност освен скопскиот и битолскиот универзитет делува и тетовскиот универзитет. Во учебната 1994/95 година делуваа вкупно 6 факултети со запишани вкупно 600 студенти. Вкупниот број на наставници и соработници изнесуваше 87. Во оваа учебна година бројот на студентите расте за уште 654 бруцоши, додека наставно воспитниот процес ќе го реализираат 150 наставници и соработници. Жалам што во Законот за високо образование по овој трет универзитет во Македонија не е антиципиран.

Господа пратеници, не сакам да бидам сфатен дека провоцирам од оваа говорница, дали ние би се сложиле или не, тоа е наша реалност Предлог законот за високо образование што во првата фаза ја покренува тезата и доктрината една нација една држава, една вера, една заедница Зошто досега овде тоа прашање не се постави. Дали оваа теза и доктрина е ставена на дневен ред еднаш во Парламентот досега? И колку и прави штета на Република Македонија? Кои се авторите, зошто досега никој не одговорил. Средствата за информирање, дневниот печат молчат. На овие крупни прашања и крупни проблеми досега ниту едно време не му е посветено. Веќе од секоја друга наука морална обврска е на законодавецот да го пишува законот за својот народ и да ја пишува вистината за својот народ, па макар таа вистина да биде понекогаш и непријатна.

XI/2

Ваквото однесување ружно изгледа и пред се покажува примитивизам како и недостаток на цивилизираност што е најлошото на предлагачот и на ресорното министерство, Министерството за образование воопшто не му причинува загриженост за таквото однесување. И што е најлошото да ме и господа пратеници, во јавноста е промовиран еден нов уникатен демократски институт македонски, односно албански политички субјект. Македонскиот политички субјект застана наспроти албанскиот политички субјект и сега имаме мошне деликатен проблем што правно мошне тешко се лоцира и тоа во Тетово. Работата уште повеќе се комплицира со тоа што постоечкиот политички субјект користи постоечки институции на власт да спроведе некои свои ставови. Сето тоа врз основа на досега познатите правни системи. Во секој случај како да нема слух, како да нема разум за мултиетнитет, за мулти култура, за мулти конфесионалност и се друго што е стварност во Република Македонија. Се почесто кај нас правото и реалноста се разидуваат. Па така и ова се случува. Владата на Република Македонија придонесе за сегашните недоразбирања кои настанаа во овие односи. Веројатно можеше да се најде формулација за политичката изјава дека Универзитетот во Тетово е неуставен, незаконски акт, па и зошто сето тоа. Прво, Владата не е таа што може да дава валидни толкувања за неуставност и незаконитсст. Навистина многу чудна ситуација во која политиката комплетно го одбива правото така што многу тешко е да се следи неговиот крај . Има ли многу врска тоа политичкото толкување на законот и уставот од некомпетентните за многу туѓи и увезени интереси? Таквото нејзино преминување на нашата мултиетничка, мултијазична средина создава и не само заблуди во јавноста. Можеби во крајна линија тоа им била и целта. Сериозно и со примена на правни аргументи да се расправа за едно шарлатанско толкување на нештата како што беше таканаречениот став на нашата влада. Сосема тоа добро оди во нечиј интерес за да се истурка главното, а никаков интерес не и на

македонците ниту на албанците, а и пошироко на нашата заедница. Главното се светлосните години далеку од владиниот став во главниот образовен систем. Доколку не смогнеме храброст двете страни македонците и албанците законот да го регулираме онака како што нам ни одговара конфликтот е веќе предизвикан и за некои е добро да се занимава огнот да остане запален,ќе напише еден наш угледен новинар.

Имајќи го пред себе Предлог законот за високо образование предложен од Владата на Република Македонија и нејзиниот претставник ресорното министерство во кој правото за високо образование на националностите во нивниот јазик е формулиран на рестриктивен начин член 9 од Предлог законот.

1. Во Предлог-законот јасно требаше да се формулира правото за високообразовната дејност и на албански јазик за факултети од посебен интерес на албанската популација што ги опфаќа универзитетот;

2. Со закон да се санкционира посебна квота од редовите на националностите, аплицирајќи пропорционалниот стандард конформ етничката пропорционалност во вкупната републичка популација.

На факултетите кај ќе се апплицира квота, со закон да се санкционира правото на студентот од редовите на националностите каде квалификационите испити ќе ги дадат на свој мајчин јазик за да не бидат дискриминирани.

Уште еднаш апелирам до сите колеги, дами и господа пратеници барањето Албанците во Републиката Македонија е да им се гарантира со закон правото за високо образование на албански јазик. Убеден сум дека е далеку поцелисходно едукацијата на младите албанци да биде инкорпорирана во единствениот образовен систем на Републиката. Затоа ја истакнувам потребата од активно вклучување на сите релевантни фактори за решавање на овој актуелен проблем во што пократок временски интервал. Ценам дека ова е во интерес на севкупниот подем на Република Македонија, а посебно и за смирување на меѓунационалната напнатост во земјата.

XI/4

Решенијата по предлог Законот за високото образование во начело треба да ги регулира сите прашања од сферата на високото образование.

Со споменатиот Предлог Закон се очекуваше соодветно да биде регулирано и прашањето на образованието на јазиците на националностите што живеат во Република Македонија. Од предложените решенија во предлог Законот ова прашаше не се гарантира, а со тоа и не се регулира на соодветен начин согласно определбите на Уставот на Република Македонија и меѓународните акти и документи.

На мислење сум дека правото на албанците да се школуваат на свој мајчин јазик во високо - образовните институции се засновуваат на следна правна нормaтива.

1. Од аспект на уставната регулатива, сметаме дека членовите 48, а во врска со член 45 од Уставот рестриктивно се применуваат со предложените предлог решенија за високо образование. неспорно е дека според член 48 правото на образование на јазиците на националностите за високо образование не се гарантираат, но исто така неспорно е дека како право и не се забранува. дека е тоа така најјасно зборува и укажува и Предлог решението во овој Закон со кој се гарантира и образованието на наставници за образованиот процес на јазиците на националностите. И ова право впрочем со Уставот не се гарантира. Но со предлог решението се гарантира и се регулира како такво.

Од друга страна исто така треба да се има во предвид дека и со досегашните позитивни прописи со кој беа регулирани прашањата од образованието и правото на образованието на националностите на мајчин јазик немаше лимитирање по однос на степенот на образованието. Што значи дека се работи за едно право кое и во поранешниот еднопартиски систем се признаваше на сите националности. Пример,Одлука на АСНОМ од 1944 година; Уставите

на Република Македонија поготово Уставот од 1974 година.

2. Од аспект на меѓународните документи предлог решенијата треба да бидат анализирани од аспект на решенијата што ги признава, усвојува и регулира Конвенцијата против дискриминацијата во образованието донесена од Организацијата на Обединетите нации на 14.12.1960 година, а ратификувана од бившата СФРЈ на 9 јануари 1963 година. Оваа конвенција е ратификувана поточно кон истата пристапила и нашата Република со Одлука на Владата на Република Македонија од 20 септември 199 година. Согласно цитираната конвенција покрај другото се регулира и се дава дефиниција на поимот дискриминација за кој се вели покрај другото, дека истата постои ако се ограничува или се прави разлика во образованието спрема припадниците на различни националности или национални групи од аспект на јазик или национално потекло.

При фактот дека се работи за право кое порано беше признато, основано се смета дека предлог решенијата не се во согласност и со меѓународниот пакт за граѓански и политички права донесен од Организацијата на Обединетите нации од 16 декември 1966 година, а во неговиот член 5 став 2 покрај другото се наведува: "нема да се дозволи никакво ограничување или укинување на основните човекови права признати или кои се во сила во секоја држава договореничка на овој пакт, врз основа на Закон, конвенција, пропис или обичаи, под изговор дека овој пакт не ги признава или ги признава во потесен обем". Како што е познато и кон овој пак нашата Република пристапила со посебна Одлука на Владата на Република Македонија цитирана погоре и донесена од 20 септември 1993 година. Имајќи ги во предвид и Одредбите на европската повелба за регионалните и малцинските јазици, поточно Одредбите од член 8 од оваа повелба, донесена 1992 година во Стразбург, исто така се

смета дека предлог решенијата на Законот за високо образование не се во целост и согласност и со овие одредби. Со други зборови речено одредбите на споменатата повелба треба да бидат инкорпорирани во предлог решенијата на законот за високо образование. Оваа повелба се уште не е ратификувана, меѓутоа нема дилема дека за брзо време треба истата да биде ратификувана, односно да се пристапи кон истата.

- Пактот на ООН за граѓански и политички права од 1976 година
- општата декларација за човекови права од 1948 година член 26 став 1 резолуција 217;
- меѓународен пакт за политички и граѓански права - Резолуција 2200 А од 16 декември 1966 година член 27.
- меѓународен договор за економски и социјални и културни права резолуција 2200 А од 16 декември 1966 година член 13 став 1;
- договорна унија против дискриминација во воспитанието од 14 декември 1960, а стапил во сила од 22 мај 1962 година;
- европски договор за заштита на човекови основни права и слободи;
- резолуција на европскиот совет од 4 септември 1950 година член 10 и 11;
- Првиот протокол на Европскиот договор
- резолуција на Европскиот совет донесена во Париз од 20 мај 1952 година член 2;
- финалниот чин на Европската конвенција за соработка и безбедност донесена во Хелсинки од 1 август 19 85 година во првиот, четвртиот, седмиот и осмиот дел;
- европската карта за регионални малцински јазици европски совет од 1963 година.

На мислење сум дека ова содржи еден фундаментален интерес за Република Македонија, а посебно за албанците во Република Македони-

ја и да си ја интегрираат својата перспектива во оваа држава. Собранието треба да покаже не само политичка волја на решавање на овој мошне акутен проблем, туку и голема мудрост.

Забелешки и предлози по предлог законот за високо образование.

Прво, во член 1 да се брише зборот "универзитет" и наместо тој збор да се додадат зборовите: "државен и приватен универзитет" со образложение дека член 45 од Уставот на Република Македонија го легализира терминот приватни образовни установи во сите степени на образованието.

Второ, член 8 став 2 да се брише зборот "сегрегација" со образложение дека само верскиот и националниот состав на Република Македонија по природно право се одвојувани. Институционалното неприфаќање на одвојување за реализација на националните аспирации ќе беше општа институционална дискриминација на националностите во Република Македонија. Во истиот став во третиот ред на текстот по зборот "националното" да се додаде и зборот "јазичното". Образложение Правото на образование на свој мајчин јазик е едно меѓу основните права и слободи на сите граѓани во Република Македонија. Доколку на предлог текстот не му се додаде зборот "јазичност" тогаш овој предлог закон доколку не претрпи измени ќе ги дискриминира другите немакедонци.

Исто така предлагам да се брише зборот "имотното". Образложение. Приватната своина е уставна категорија.

Трето, член 9 став 1, во текстот по зборот "на македонски" да му се додаде "и на албански јазик". Образложение: Во Република Македонија два се поголеми национални колективитети македонците и албанците. Став 2 на овој член да се брише. Образложение. Овој став е во колизија

со член 9 и член 44 од Уставот на Република Македонија. Предлагам став 3 од овој член да се помести во став 2. Став 4 да биде став 3 и по зборот "на еден од светските јазици" да се стави запирка, а потоа да се додаде "односно на јазик што го предлага основачот", "што го избира основачот". И став 5 од овој член предлагам да се брише

Четврто, член 12 став 2 да се бришат зборовите "грбот на Република Македонија" и наместо нив да се додаде "грбот на Универзитетот". Образложение: Во сите цивилизирани земји Универзитетот има свој автономен грб со што се изразува автономноста на универзитетот што го предвидува и член 4 6 од Уставот на Република Македонија. Во печатот на тие универзитети стои грбот на универзитетот а не државниот грб.

Петто, член 13 за став 1 предлагам нов текст Универзитетот односно високо образовната установа може да основа Собрание на Република Македонија и домашно и правно физичко лице. Образложение: Член 45 од Уставот на Република Македонија кој гласи: цитирам:"граѓаните имаат" право под услов утврден со закон да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното образование.

Шесто, член 14 став 1 да се брише и наместо него предлагам нов текст. "приватен универзитет, односно приватна високообразовна установа може да основа правно и физичко лице на Република Македонија под услови утврдени со овој закон".Член 45 став 1 од Уставот на Република Македонија тоа го овозможува.

XII/1/CC/лј

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение

Член 14 став 2 да се помести во став 3, место него да се додаде нов текст кој гласи: "приватен - универзитет односно приватна високообразовна институција може да основа странско правно и физичко лице врз основа на добиена конценција од Владата на Република Македонија".

Образложение: член 45 став 1 од Уставот на Република Македонија, став 2 на член 14 да се помести во став 3.

Седма забелешка, во член 20 став 1 предлагам да се брише во текстот "министерството надлежно за работите на образованието" и место тоа предлагам "окружни стопански суд", односно во зависност како ќе се именува овој орган по усвојување на законот за судовите.

Образложение: врз основа на член 4 од овој предлог на закон Универзитетот, факултетот, уметничките академии и високите школи имаат својство на правно лице. Тогаш ставот 1 од членот 20 е контекстен затоа што тоа предвидува правното лице да се регистрира во регистарот што го води министерството надлежно за работите на образованието. Исклучок во овој случај ние не можеме да правиме. Затоа предлагам и овие правни лица да се регистрираат во окружниот стопански суд.

Предлагам забелешките дадени во начелната расправа по Предлог на законот за високото образование по можност да се инкорпорираат во новиот текст што ќе биде даден на расправа пред Собранието.

И да завршам, народите сакаат да живеат во кир и толеранција Тие се против онаа политика која му е позната,"зборувај полека а носи долг стап".

Благодарам за вниманието.

XII/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувана министерке, дами и господа пратеници. После оваа импресивна дискусија јас ќе се обидам да бидам многу пократок. Само неколку забелешки околу значењето на овој закон, контекстот во кој што тој се носи.
нема сомневање дека законот за високото образование е дел од оние призми низ кои се прекршуваат меѓу етничките односи во нашава држава. Во таа насока претпоставувам дека и предлагачот на законот тргнал токму од реал - политичката состојба во државата, носејќи го законот. Всушност, според мене, Законот е резултат, одраз на реал - политичката состојба во државата. Каква е таа?

Да не заборавиме, некој велеше дека треба да сме свесни во кое време живееме и на кој простор го носиме овој закон. Јас исто така ќе се обидам да појаснам во кое време живееме и на кој простор.

Живееме во Република Македонија, срцето на Балканот. Балканот, таа комплексна и Европска целина која доживеа серија цивилизациски потреси и од каде произлезе еден специфичен израз "балканизација". Балканот за многу аналитичари повеќе асоцира на еден проблем отколку на еден регион. Тој е, според зборовите на Стилман уште еден пример дека во животот се тече, се се менува, и се се руши и се се обновува. За многу мина тоа е резервоар на катастрофи, нашата Европска Азија, анусот на Западна Европа.

Балканот, како простор во кој што 1989 година се случија големи промени, наречени, појава на пост-комунизмот. Односно, сведени со еден именител дојде до силна национална идентификација на сите заедници, вклучувајќи ја и албанската и македонската.

Меѓутоа, би го свртил вашето внимание на една значајна констатација, а тоа е дека од 1990 година бројот на државите што се создадени на Балканот коинцидира со бројот на нациите што постојат на Балканот. Единствено е дискутабилна дали Црногорците се Срби или не. Другите сите нации имаат сопствена држава. Несреќата е што етничките граници не се поклопуваат со политичките граници.

Веројатно од таквите силни емоции на националниот идентитет поаѓа и предлагачот на овој закон. Предлагачот кој е доста реален, кој се обидува на еден мошне рационален пат да предложи еден закон во едно општество каде што живеат повеќе идентитети кои што исто така се наоѓаат во движење. Од денешните дискусии видовме дека многу мина беа емотивни на оваа говорница, многумина беа разочарани, меѓутоа исто така треба да сфатиме една реалност дека Македонците за прв пат во својата историја имаат своја држава и дека нормално,тие се обидуваат да ја сочуваат таа држава. И, секој вид на инсинуација, секој вид на политика што ќе се стреми да стави одредени закани одредени прашања, нормално дека наидува, може би за вас албанците и на неразбирање. Меѓутоа, сите сме свесни во кое време живееме и каде.

Затоа сметам, давајќи ја поддршката на овој закон, можеби ќе дојдат други времиња каде што некои работи ќе еволуираат, сметам и алудирам на три форми, на три формулации или на три принципи како ќе се однесуваме како пратеници и како политички партии. А, тоа се умереност, умереност и само умереност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Г-дине претседателе, г-ѓо министерке, господа пратеници и госпоѓи пратенички. Јас во еден степен сум доста исцрпен од слушање бидејќи

имавме доста широки излагања доста обемни излагања и со не помалку страсти.

Имаше на времето и се уште е жив еден познат хрватски писател кој за такви ситуации употребуваше една ваква реченица, станува збор за Ранко Маринковиќ и за еден негов многу познат "Киклоп". Велеше "Дон Козма имаше премногу страсти за да биде во право".

Јас водев белешки од денешното излагање. Не би сакал да се служам со цитати и да влезам во коментари затоа што сакале или не на едно страствено излагање морате да покажете некоја трага од својот емоцијален однос кон тие страсти. Ќе повторам дека ќе се трудат тоа да го избегнам во надеж дека нема да биде примено како потреба да се игнорираат некои установишта за кои ние, се надевам ќе разговараме, но кога ќе се постават како проблем.

Сега ние разговараме за еден закон, т.е. за неговата намера нешто да подобри во нашиот систем на образованието. А, со фактот што постои општ консензус дека е потребен закон и неоспорно е дека е потребен, бидејќи ние донесовме два закони, еден за основното образование другиот за средното образование, па следува закон за високото образование, станува јасно дека нешто не е во ред со високото образование. Тоа прашање ми се чини дека никој не се погрижи да го засегне. Јас би се обидел да објаснам што не е во ред со нашето високо образование.

Многумина од говорницата посочија дека имаме огромен број доктори на науки, магистри на науки, но тие податоци ги употребуваат за да направат еден паралелизам, колкава е бројката од македонската националност, а колкава е бројката од албанската националност. Некои дури и рекоа дека се тоа фасцинантни бројки. Се согласувам со нив дека станува збор за фасцинантни бројки, меѓутоа прашање е дали се функционални,.

XII/5.-

Во овој нов закон има еден сегмент кој се занимава со прашањето за докторски студии, за магистерски студии, т.е. за она што е највисок образовен стандард во една заедница како нашата и се труди да внесе некои измени. Ми се чини дека тие измени не се доволни. Јас би се заложил за уште построги критериуми околу постигнувањето на докторско звање и докторска титула па дури и титула редовен професор. Зошто?

Затоа што, ако се вели дека, и тоа е нотирано во еден член од законот, ако се вели дека докторантот е должен во рок од пет години да изработи докторска дисертација и дури ако покаже дека има доволно оправдани околности да биде продолжен тој рок, така е тоа нотирано во еден член од законот, тоа значи дека се отвора уште една можност или се пресликува една ситуација што фактички ја имаме.
тука мора да се постават некои ригорозни мерила и да се каже дека во случај некаде во светот да биде изработена теза на таа проблематика и уште публикувана, и уште одбранета, дека тезата на тој докторант во Република Македонија отпаѓа затоа што таа научна проблематика е покриена и откритието е направено. Значи, не можеме да се залажуваме и натаму со нашата сегашна ситуација. Многу доктори, меѓутоа, малку функционални ефекти во односните дисциплини, од медицина преку математика, биологија, филозофија литература јазик итн., итн.

Ако ние го менуваме овој закон, а има потреба да го смени- ме се поставува прашањето што заправо треба да смениме? Ние треба да смениме еден егстензивен систем на образование кој, како што знаете, беше фундиран таму некаде по настаните од 1968 година и легитимиран со некои законски регулативи од 1984 година, во извесна мера малку поправени 1986 година и по тој Закон ние се уште работиме.

А, како работиме? Работиме на тој начин што имаме една структура која, малку или повеќе е еден вид остаток, резидиум од

таканаречената политичка контрола врз универзитетот. Вие, можете да бидете стручњак во една област, меѓутоа кога ќе треба да биде верификувана вашата стручност, тој Совет што се уште функционира на најголем број факултети треба да каже дали сте погоден и од некоја друга точка. Дали сте погоден, даречеме, политичка гледна точка, т.е. идеолошка, дали сте верен на некоја доктрина, дали сте погоден од гледна точка на квота или национална гледна точка и испаѓа на тој начин дека стручноста е нешто, ако не рамноправно, тогаш горе-долу второстепено. По 1990 година ние донесовме системски закони. Еден од системските закони е Законот за работни односи. Меѓутоа, така како што стојат сега работите на Универзитетот, едноставно се некомпатибилни со Законот за работни односи. Со други зборови еден критериум врз основа на тогашни ситуации на политичка лојалност на дадена доктрина беше пресуден да се формира еден универзитетски естабилишмен за кој, јас се плашам дека е според стандардите на светот и не сум уверен дека во целина задоволува некои критериуми.

Зошто беше тоа така поставено? Беше поставено затоа што ние имавме една доктрина која, заправо, преку Универзитетот и согласно преку системот на средното образование односно на основното требаше да произведе класна свест од тој што ќе биде едуциран. Тоа беше стандард. Стандард до 1990 година.

Сега ние треба да си поставиме прашањето сакаме кога говориме на овој начин? Дали ние треба да произведеме професионална свест, компетентно и конкурентно лице во даден домен или област или треба преку системот на основното, средното и високото образование да произведеме не класна, туку сега национална свест.

XII/7.-

Колку ми е мене познато во тој домен, проблемите околу идентитетот на личноста се како категории кои натаму и како структура се формираат мошне рано. Постојат стручни и компетентни студии по тоа прашање. Еден голем авторитет, многу важен жив и психолог и биолог и професор на универзитет и филозоф, бидејќи е еден специјалист за Кант, се вика Жан Пјерже и тој говори дека таа ментална матрица, таа структура, било психолошка, било јазична која го гарантира идентитетот на човекот, се формира мошне рано. Нема да ве заморувам со податоци од тој карактер, само ќе кажам дека веќе со средното образование тоа е веќе како структура на личност дефинитивно завршена. Не доаѓа предвид некој да го загуби идентитетот со тоа што ќе учи на англиски јазик, на француски или на германски јазик во некој центар, да речеме во Тибинген, некоја дисциплина што ќе го издигне на ниво компатибилно што важи за Европа и за светот.

Оттаму, господа пратеници, имајќи ги предвид тие стандарди што важат за светот, а имајќи предвид дека Македонија е многу мала земја, дека има такво стопанство какво што има, дека не само што не може да издржи три универзитети, јас се плашам дали може и два.

Тука, господин Руфи Османи кажа дека тие универзитети постојат 50 години. Не е точно. Битолскиот постои од пред 20 г дини и 1994 година прославуваше 20 годишнина. Госпидин Хисен Рамадани знае зошто е формиран. Тогаш имаше една политика, таканаречена дисперзија на високото образование, а таа политика требаше да служи како некој вид решавање на социјални прашања. Тогаш имаше слободен упис на универзитетите, па бидејќи имавме проблеми од социјална природа им допуштавме на луѓето да студираат кој што сака до 28 години, да не оди војска и тоа беше една, така да се каже социјална

интервенција на една тензија која, ете, циклично се јави после настаните од 1968 година.

Значи, да бидеме сега сосема реални, мојата визија и мојата опција и тука треба да се заоструваат работите. Не конкурентност на системите, како што кажа господин Исмет Рамадани, туку конкурентност во системи. А, тоа значи дека треба да се направи конкурентност за работно место на секој професор. Тој да биде исто толку мотивиран да го брани своето место како и секој човек во оваа земја кој е мотивиран да го брани своето работно -место само со постигнати резултати.

И, од таа гледна точка ми се чини дека законот треба да се радикализира.

Околу изборот на наставници или редовни професори, па дури ако сакате, сега тука ризикувам малку да ги предизвикам сите професори на Универзитетот, и околу оној, таканаречен фонд за финансирање на Универзитетот. Зошто? Затоа што ги става во една премногу, според мене сигурна позиција која не ги мотивира натаму до последниот, што се вели, здив и живот да се интересираат за своја- та професија.

Како да се постигне тоа? Има во овој закон некои пред- лози што се дадени како нацрт. Предлози што говорат за изборни и факултативни предмети. Меѓутоа, јас мислам дека тој избор на факултативни и задолжителни предмети, дисциплини кои даваат профил на некоја професија од високото образование треба да се врзат со успешноста на професорот, а која ќе биде контролирана преку интересот на студентите. Така е секаде во светот. Не гледам причина зошто ние не би можеле во тој поглед, не така радикално, но барем како идеја да го внесеме во законот. Вие ќе речете, и претполагам дека госпоѓата министер веднаш

на тоа ќе реплицира, тоа се работи што ќе се решат со потсистемските акти, преку статути на факултетот, преку Статутот на Универзитетот итн. Но, мораме да бидеме свесни, господа пратеници дека секој човек, пред се, сака и должен е и има право да ги штити своите интереси. А, тоа значи дека секој факултет ќе си направи таков статут и такви програми што одговараат на моменталниот однос на силите.

Сакам да кажам, ние мораме да имаме некој механизам кој, барем за малку ќе ја помести таа ситуација и со тоа изразувам еден скептицизам дека постојните механизми што ги имаме се доволни да го постигнат тоа што овој закон доста добро и, така да кажам, во една воздржана форма го нотира, го скицира со намера да постигне некои ефекти.

XIII/1.-ДВ/ОМ

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ :** (Продолжение)

Тоа се крупни прашања. Јас знам дека ние не можеме веднаш да ги спроведеме,но знам дека мораме и требаме да го направиме првиот чекор во тој поглед. А што значи првиот чекор.

Ако ние имаме една институција која се вика редовен професор и ако имаме голем број, а особено тоа значи за така наречените вербални факултети, не технички факултети. Ако имаме ситуација кога немаме доволен број на ученици, тогаш да не се постави еден стандард што секаде е валиден во светот. Не може да се избере еден професор во звање редовен професор на Универзитет, доколку од дисциплината што ја предава на тој факултет не публикувал универзитетски учебник. Таму стои учебник, меѓутоа, јас инсистирам на атрибутот универзитетски учебник и не рецензиран од неговите колеги со кои може да воспостави односи на координација, благи односи,на доверба на разбирање, туку од авторитети кои се во тој поглед верификувани во светот. Тоа се работи кои ние, можеби не ќе ги псотигнеме, можеби не ќе имаме доволно, така да се каже концентрација на критичка маса или волја, така да се прави, но можеби е време да почнеме да пробаме да ги правиме. Ако така се постават работите, од она што е горе, одговорност на оние кои едуцираат и тие што се едуцирани, т.е. да се доведат во една взаемна врска, што е можно, практиката да ги контролира професорите, а ен да ги контролира Министерството или ако сакате некои од Министерството или политичка партија, на овој или оној начин, во тој случај треба да си поставиме прашање што би било рационално за Македонија, за македонското стопанство, за времето во кое живееме, а на кое инсистираше г-дин Нано Ружин. А што не би било рационалист .Можеби и во тој поглед јас би бил радикален, но морам да го изговорам тоа,

затоа што верувам во тоа. Има поголеми земји од Македонија во Европа кои имаат приближно слични или исти проблеми во поглед на националниот состав, кои се , така да се каже, во близината на големи јазички и економски култури. како тие се однесуваат? Тие се однесуваат на тој начин што воведуваат во својот образовен систем аздолжително странски јазици на водечките култури. Зошто? Затоа што тоа е економично. Не може еден студент или еден професор во Македонија да очекува дека сите релевантни информации од соодветна област, било медицина било архитектура, било стоматологија, филозофија, ќе може да ги добие на својот мајчин јазик. Тоа е исклучено. Тоа чини колку комплетниот Буџет на Република Македонија. Меѓутоа, обратната варијанта е можна. Можно е ние да се трудиме врз основа на овој закон да добиеме студен- ти кои по завршените студии, независно дали се работи за вербални факултети или технички факултети, ќе говорат два странски јазици. И не само тоа. За да може да биде тоа ефикасно може дури да се проба и со изедување настава на еден од светските јазици, а се во прилог на креација на професионална свест, компетентна свест, компатибилна професија и тоа по стандарди во Европа, а не национална свест затоа што со тоа не верувам дека некој човек ќе има проблеми или може да има проблеми врз основ ана овие позитивни научни искуства кои се познати во светот.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господин претседателе, колеги пратеници. Јас па и сите Вие можевме да претпоставиме како ќе се одвива денешнава расправа. Очекував дека моите колеги од албанска националност ќе зборуваат за законот, најмногу во контекст на потребата од отворање на универзитет од албански јазик и дека ќе слушаме исти или слични дискусии, некои

изнесени на прикладен начин, со нудење на аргументи, некои дури и со заканувачки тонови.

Ќе произлезеше дека проблемот на Предлог законот единствено се состоеше од член 9 и на тоа како да се одвиваат наставните процеси во високото образование. Високото образование,како што многу дискутанти рекоа е многу суптилен проблем за една држава, бидејќи од добро или лошо насочување на високо образовниот процес, во голем дел зависи иднината на една држава, а знаеме зошто. Затоа што тоа е многу битно како ќе се насочи интелектуалниот потенцијал, дали добро или лошо во идниот период.

Во оваа фаза на Предлог закон сакам да укажам на следното:

Сведоци сме дека и сегашниот систем на високото образование исфрла многу кадри кои не можат да се вклопат во вистинските потреби на општеството, а какви се проблеми тоа носи, на сите ни е јасно. Никаде во Предлог законот не ја согледав основната премиса и логика дека потребата од формирање на универзитет т.е. па и факултет мора да произлегува од вистинската потреба на стопанството,пред се, или поточно од онаму каде што се создава општествениот производ. Како држава мораме да ја канализираме оправданоста од формирањето на универзитетот и да ја усогласиме со потребите, да не дозволиме со лоша образована политика да упропастиме нечии иднини и животи, бидејќи мотивот и желбата за упис, природно, е огромна кај сите млади. Може некои и од политички цели или моќ да финансира па дури и да фрла пари за отворање на универзитет, а ако тоа нема иднина, навистина последиците ќе бидат тешки. Штетата и економска и политичка за државата ќе биде голема, а да не зборуваме за личните и колективните фрустрации кај младите. Затоа мораме да најдеме демократска форма без можност за поголеми забелешки и да ги елиминираме овие

опасности. Дали тоа ќе го утврдиме во некоја од конкретните одредби на овој закон, или тоа в' биде оставено да се канализира преку конкретни програми за високото образование, треба добро да го обмислиме и смислиме и ние и предлагачот на законот. Во вториот дел од мојата дискусија би ви ги соопштил официјалните ставови на Социјал демократскиот сојуз на Македонија во врска со овој предлог закон.

1. Неспорна е потребата од донесување на закон за високото образование;

2. Се поддржува предложениот концепт на законот и новините што со него се предвидуваат, како што се: исполнување на уставната обврска за автономија на универзитетот, концепциски е добро решено во предлогот, воведување на стручноста аи компетентноста во селективноста во изборот на наставниците и соработниците, конкурентноста меѓу универзитетите, факултетите и наставниците.

3. Се поддржуваат решенијата во поглед на финансирањето и правото на управување што произлегуваат од тоа.

4. Решенијата толку спомнувани денес во член 9 се оптимални и во овој момент неизбежни.

5. Се поддржува определбата приватни факултети универзитети да формираат домашни и странски физички лица, последниве со концесија.

6. Со овој закон треба да се обезбеди регулација на организацијата и концепцијата на високото образование во корелација со промените на системот на средното образование. Во тој контекст од особено значење ќе бидат промените што треба да уследат во настанатите планови и програми.

Со еден збор со овој Предлог закон се создаваат основни услови за изградба на современ високо образовен систем со европска ориентација.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас ќе почнам .со зборовите на еден мој колега дека ќе бидам краток, навистина краток бидејќи после една ваква расправа што ја водиме по овој закон навистина треба и да бидеме што пократки и да ги искажеме само оние рабата за кои мислиме дека треба да се каже.

Предлогот за донесување на закон за високо образование заслужува полно внимание и респект бидејќи со овој предлог за донесување со кој всушност се заокружува и целиот систем на образование во РМ. Смета* дека е неспорно и недискутабилно дека овој предлог за донесување треба да биде донесен. Со него високото образование се преведува од систем на екстензивно социјалистичкиот систем на образование во ефикасен и квалитетен систем на образование, многу потребен во ова време, пред се во време. во кое имаме големи промени, а пред се промени во системот на приватизацијата. И овој закон истото го овозможува и е во тек со сите овие промени и овозможува создавање и на приватни факултети што значи дека обезбедува еден тек на сите збиднувања што се одвиваат кај нас. За мене е многу битно што Предлогот за донесување на закон за високо образование обезбедува и корелација со промените, веќе направени во законот за средно образование. Да не ги искажувам другите предности и новини кои ги дава законот, сакам да кажам и да се задржам околу членот S, ко: денеска од оваа говорница предизвикаа многу емоции, предизвика дилеми, дали истиот носи новини, дали прави чекор во образованието напред или не прави никаков чекор.

XIII/6.-

Според мене членот 9 прави голем чекор во однос на овозможување образование и тоа високо и на јазиците на националностите за стварање на кадри за основно образование, како и за поедини предмети од средното образование. Прави чекор, бидејќи овозможува создавање на квалитетни наставници од националностите кои своите знаења ќе можат на најпристапен начин, а тоа не сигурно мајчиниот јазик, да ги пренесат на подмладокот, опфатен во основното образование, за да не дојдеме во состојба што денес ја имаме, од 300 пријавени дечиња за запишување во средно образование да положат само 108 или положуваа само 40. Не се дечињата неквалитетни, туку се неквалитетни наставниците.

Мораме да се залагаме да создаваме квалитетни наставници, наставници кои во средното образование ќе овозможат создававме на полнолетни граѓани со квалитетни знаења кои со своите знаења ќе дадат свој придонес во развој на "Државата во која живееме. Доколку тоа не го правиме, не може да стане збор за тоа дека сме држава во која има граѓански потенцијал, истата да може да ја води во развој к просперитет, доколку во неа има граѓани кои не се образовани и не се во можност својот квалитет на образование и својот потенцијал да го искажат во државата во која живеат во создавање на многу подобри услови за живеење.

Реков дека законот прави чекор напред во образование. Сигурно тука има забелешки зошто искажувам и се залагам за создавање на кадар, само наставнички кадар.

Морам да кажам дека потекнувам од техничка струка, а тука има пратеници и од други струки каде не е битен јазикот и каде јазик на учење е техничкиот јазик, бидејќи формулите, проектите, програмите се

напишани на техничкиот јазик. Да парафразирам, без разлика на кој јазик и тоа и е рамно на у/р. Х е х , у е у, за сите без разлика дали се тоа албанци македонци или фраанцузи. Совладување на градивото е подеднакво тешко , без разлика дали се учи на македонски или се учи на руски, или се учи на албански, бидејќи во времето кога студиравме воглавно тоа што го користевме беше на други јазици, оние кои ни беа на нас најпристапни.

Искажувајќи се за овој закон излегов на оваа говорница за да кажам дека го поддржувам овој предлог за донесување на закон со исклучително залагање сите националности своето образование и од овој степен го стекнуваат на високо образовни државни установи, од проста причина што овие државни установи не се само за македонци, не се само за албанци, не се само за срби, туку се за сите граѓани на Македонија. За државни установи кои, морам да кажам, во овој изминат период овозможија и се здобија со помагала кои овозможуваат создавање на високо стручни кадри, бидејќи создавање на кадар од овие струки што ги спомнав не значи само преку предавање туку и преку потреба на помагала без кои не ќе може да се создаде и да се стекне високо образовен кадар. Значи тука е можноста да се создаде високо образовен кадар кој понатаму ќе и служи на оваа држава во развивање на сите технологии, во било кој дел на нашето стопанство или во развивање на сите технологии во било кој дел од нашето стопанство, или во развивање на нешто друго. Меѓутоа тврдам само преку вакви установи, опремени може да имаме високо образовани кадри, кадри способни да ја менуваат технологијата и да воведуваат нова технологија, дека времето на добивање дипломи помина, бидејќи голем број од стопанство веќе е приватно и таму не е битна диплома. Сигурно е, меѓутоа, не во тој степен како што беше досега. Битно е знаењето и она што го научи. Не прифаќам, пред се како човек било што што се создава

XIII/8.-

на национална база. Инаку потекнувам од Куманово каде има македонци и албанци ни срби. Не прифаќам ништо што се прави на едно национална база, бидејќи оние кој се обидоа на национална база да создаваат не треба да кажувам кои имаат резултати. Погледнете околу себе и ќе го видите резултатот. Некои се обидоа да прават и држави, меѓутоа, се виде дека тоа не бива . Правење на универзитет, правење на високо образовани установи на национална база морам да кажам, дек резултатот ќе биде ист.

Сакам уште нешто да кажам, а се прашувам и самиот. Ако во некои средини основно образование се изведува на мајчиниот јазик, а тие живеат во едно национални средини, не сакајќи, така географски испаднало, дури и средните училишта се, исто така не сакајќи во едно национални средини, се прашувам, ако после стекнување на полнолетноста, после признавање на зрелоста не се најдеме на овие високо образовани установи да измениме мислења, да измениме знаења, се прашувам како заеднички ќе работиме во развој и на просперитет на оваа наша држава. Сето друго, морам да кажам, е создавање на една паралела, а јас пак од мојата струка ќе се изјаснам, паралели немаат никогаш природен спој. Спорот на паралела е краток спој, но таков спој не го посакувам, не сега , не го посакувам за идните илјада години,на оваа држава

XIV/1.- СЈ/ЉР

**НАЗМИ МАЈБИЧИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувана министерке,

Да се зборува за образование, посебно за високото е мошне важно. Имајќи ги предвид околностите во кој живееме, тие околности диктираат на едно темпо што ја наметнуваат можноста да не ја назначиме важноста на високото образование како треба.

Во овој предлог за донесување на закон се наметнува прашањето високото образование и албанците. Проблем што многу е алармантен се разбира зависи од кој сили како го проценуваат. Се поставува прашање, дали одговара нашата држава да има на оваа почва необразовани граѓани и јас мислам дека тоа прашање само по себе не треба да се коментира. Тоа е една горка вистина и еден хендикеп за нашата држава, а особено од неспособноста и некоја тенденција една таква состојба денеска ќе се маргинализира. Реперкусии на државата према албанците свој граѓани во оваа насока се многу алармантни и се продолжува албаците да ги стави во една дискриминаторна положба кога се зборува за високото образование. Поубедлив е фактот на моменталната состојба и на оваа академска година со квота предвидена за националностите која остана непополнета.

Кога се зборува за таа квота имаше малверзации, а целата на таа квота беше промешана. Такви апсурди и такви бариери за жал не можеме да ги надминеме, такви апсирди и бариери не ни дозволуваат да чекориме напред кон една реципрочна доверба и проблемите околу високото образование да ги надминеме како веќе се надминати основното и средното образование на задоволство јас мислам на сите граѓани.  Во овој предлог за донесување на закон го нема моделот што

треба да го има една многу национална држава. Од каде таа плашливост ако албанците се образуваат и ќе стекнат факултетски дипломи. Овој предлог како таков не ги исполнува минималните критериуми ако не трпи измени бидејќи со членот 9 во овој предложен закон уште и понатаму албанците останувaат во дискриминациона положба. Ако не претрпи измени член 9 се повеќе се зголемува контрастот за дискриминација затоа што гаранциите што ги има законот за средно образование за националностите ќе остане без покритие, без соодветен кадар.

Ако се послужиме со податоци, со проценти на алабанците кои имаат завршено високо образование ќе се соочиме со една реалност, за жал мошне горчлива за сите нас. Доаѓаме до една вистина што на албанците им беше одземено едно право за општа еманципација. Таква состојба ќе кажеме дека е наследивме, нос е поставува прашање што изменивме во последниве 5 години, колку се подобрило или се настојува да се подобри положбата на студенти албанци или поточно колку се зголеми процентот на запишани студенти.

И, на крај, дали овој повеќепартиски Парламент ќе донесе закон за високо образование каде на албанците ќе им биде скратено правото да се образуваат на мајчин јазик на овој степен на образование. Или поточно, дали понатаму ќе им биде скратено право да се интегрираат на државата што ја сфаќаат како своја држава.

Јас лично очекувам дека во рамките на овој закон ќе се најде можност да се реализира Универзитетот во Тетово што ќе значи еден важен чекор за високото образование во нашата држава. Јас мислам дека тоа ќе биде на едно задоволство на сите граѓани кои живеат во оваа држава.

XIV/3.-

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, јас ќе се трудам бидејќи многу претходни дискутанти тука дискутираа за оваа тема, ќе се трудам што повеќе да не бидам повторен за некој прашања, меѓутоа од сега барам извинување ако некои работи се повторуваат, ќе се трудам, да бидам што пократок и да го кажам моето мислење во врска со оваа проблематика, конкретно за високото образование.

Денеска е во прашање еден многу важен закон кој нормално со некои иновации, сугестии инсистира кон еден модерен закон со кој ќе се регулира понатамошниот тек на високообразовната установа. Јас однапред ќе кажам дека некој претходни дискутанти тука ми се чини дека беа занесени во некои емоции, и според тоа мислам дека најмалку треба на професорите кои директно се поврзуваат или директно работат на Универзитетот Св. Кирил и Методиј да се изјаснат на тој начин што би рекол дека не е во домен на нивната работа и према нивните колеги што се, нормално, присутни тука.

Дозволете ми да кажам дека овој предлог закон односно предлагачот Владата на >РМ со поретко во самото образложение ги покажува некој форми каде се назначуваат групите,сесиите на двата универзитета тука во РМ кој делуваат со вкупно 32 високообразовни организации од кои 25 како што се кажува таму се факултети, 2 интередисциплинарни студии и 5 виши школи. За наша среќа само во 1994 - 1995 ГОДИЈ се запишани околу 30 илјади вонредни и редовни студенти. Во просек се наведува дека околу 7.200 студенти годишно се редовни, исто така се покажува дека еден значителен број од нив годишно дипломираат од прилика се кажува таму дека 2.713 или магистрираат 67 а околу 50 стекнуваат докторат на науки итн. Сето ова би било во ред ако овие бројки би биле споредени и со самата структура

на населението и  по еден критериум равно со националната структура во која за жал тука не ја гледаме така.

Албанското населените во РМ е во извесен број и према тоа годишно произлегува дека има потреба за високо образование, но образование кое нема да биде дозирано, не да биде лимитирано со таа фамозна цифра од 10% за сите националности која за жал не била и до крај искористена бидејќи нашле за сходно некои македонци да поднесат фалш документи дека припаѓаат на некоја друга националност само поради тоа да им се овозможи право за упис на некои други факултети,. наравно и како такви се запишани на некои факултети, па мислам дека не е ни хумано ни свесно дека им ги зазеле местата на тие други студенти од другите националности.

Ако тргнуваме по оваа логика реално дека не ќе можеме да креираме една објективна структура и еден критериум за развој за овој дел на образование и мислам дека е многу чувствителен проблемот и сите нас не загрижува.

РМ во последно време како што знаеме сите стана членка на две најважни институции тоа е ОБСЕ и Советот за Европа и нормално дека како држава сега сите ние сме на еден начин посветени на една друга положба во една улога на една земја која се надгледува од овие две институции. Едно долго време во врска со интенцијата за Универзитетот во Тетово кој веќе функционира како што знам една година, се алудираше и кај еден голем број политичари и во медиумите дека зад него се крие некаков политички сон. Тоа не само што на некој начин испадна смешно, туку и една бајатна иронија над се и извесна форма на еден стар моделитет, без содржина, без концепција и до крај не дефинирана и не елаборирана.

XIV/6.-

Исто така досега еден извесен број компетентни и некомпетентни луѓе давале важни мислења кој повеќе или кој помалку за да добијат политички поени во нивните редови, невиостината е само една, дека албанците имаат потреба за високо образование, а ќе се надоврзам на претходниот дискутант кој кажуваше дека јас сум припадник од некоја струка, нека оцени сам тој дали на нас албанците ни требаат само наставници и педагози или ни требаат и други профили на тие кадри, лекари, технолози, и ред други што треба да бидат на тие сите нивоа.

Ако оваа проблематика ја измислува некој поинаку јас велам дека се лаже бидејќи на еден начин се става себеси на една чудна положба пред објективната и хуманата, па и човечката вистина која е камуфлирана односно одвлечена со едно националтуторство кое веројатно на некого му треба за политичките цели или за нивниот мандат.

Априори према втората логика доаѓа до израз категоризација на граѓаните од прв и втор ред, што се создаваше досега и може да се создава и понатаму се продолжува да се работи на овој начин. Дека иницијативата за високото образование и на албанците во РМ не е во спротивност и со меѓународните конвенции, дозволете г-да пратеници да споманм само некој факти и да бидам поврзан директно со конвенцијата односно член 4 и 5 од конвенцијата на УНЕСКО што е донесена од 1960 година каде на еден дециден начин се нагласува дека високото образование им припаѓа на сите, да не кажам и на етничките групи. Бидете сигурни дека во духот на оваа конвенција денеска работат многу универзитети во светот кои не се ни далеку од нас, кој со својата сета оправданост го образложуваат вака тоа да биде застапено нормално и во нашата средина.

Кажувањата дека во ниедна земја во светот националностите немаат свој Универзитет на свој мајчин јазик но само една голема дезинформација што во извесно време се шират тука између нас, а

посебно во нашите медиуми. Не е мал бројот на државите каде што националностите не само што имаат Универзитет, туку државата ги финансира и стимулира во нивната работа, за жал кај нас тоа не е така. Јас г-да пратеници ќе спомнам, некој случаи кој нас треба да ни служат како пример за хармонизација за нашето понатамошно живеење. Дозволете ми да кажам дека Италијанското население во Швајцарија само со 12% има свој Универзитет во местото Ариола. Почувствителен е и случајот кој беше денеска многу актуелен, овие денови, во Изрел, каде и во воени услови работата на Палестинскиот универзитет воопшто не е прекинат и Ден денеска работи. 2.000 швеџани имаат два универзитети во Финска Секој човек кој малку пошироко е заинтересиран може да го знае овој факт. 180 илјади маџари во Украина имаат свој универзитет, во Италија Балзано а Австријците студираат на свој јазик- германски. Понатаму, да не одиме подалеку тука кај нашиот сосед во Србија на маџарите им е дозволено да студираат на свој мајчин јазик посебно во Војводина. Да не претерам но и во САД кинезите имаат 6, додека Шпанците имаат 2 универзитета. Соодветно на тоа и без број политички и морални акти се со цел за усмерување и доградба на нивното право на свој мајчин јазик на сите нивоа.

Сето ова треба на сите нас да ни служи како пример да н е се оградуваме и се караме тука меѓусебе, па барам заеднички да придонесеме за добра политичка клима меѓу нас потребно е за понатамошниот живот да создаваме услови секој од нас да допреинесе и на некој начин да му даваме дух на Универзитетот во Тетово да заживее.

Мислам дека со ова нема да стане никакво зло, овој Универзитет ќе биде во корист на сите граѓани во Македонија а нема никому да му прави зло и никој нема да има штета. Секоја друга форма, секое друго однесување од овие ставови мислам дека и овој Предлог закон бидејќи ние во нашата дискусија не сме навлегле во тие членови еден по друг, има многу приоритети, треба да се сменат некој членови или да се

модифицираат, конкретно првата глава, член 1, член 8 и 9 се ќе биде во ред, само ние да ги оставиме емоциите настрана и да влегуваме конкретно во нашата работа и да изградиме простор на сите граѓани тука, без разлика од нивната припадност да се школуваат бидејќи времето е да се школуваме сите под еднакви услови.

- Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа, имаме уште 8 пријавени дискутанти, и предлагам денес ние да прекинеме и да продолжиме утре во 10 часот, а 31-та седница кога ќе се одржи ќе бидете дополнително известени. Прво мораме оваа да ја завршиме и пратеничките прашања од оваа седница.

(Седницата прекина со работа во 18,40 часот.)